# Извештај за состојбата  на правата на децата во Република Македонија

## Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето

Скопје, 2012

ISBN 978-608-4603-02-3

**Наслов:** Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето

**Издавач:** Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија

**Извршен директор и основач:** м-р Драги Змијанац

**Автор:** Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето

**Проектен тим:** Драги Змијанац, Катерина Конеска, Јана Зенговска, Даниела Трајковска

**Лектор:** Марина Геческа - Василевска

**Графичка подготовка и печатење:** „Алма“

**Тираж:** 250

**Адреса на издавачот:**

Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ - Република Македонија

ул.„Коста Новаковиќ“ бр. 22 а

1000 Скопје, Република Македонија

тел. +389 2 2465 316, факс: +389 2 2463-900

СОС-телефон за деца и млади: 0800 1 2222

E-mail: info@childrensembassy.org.mk

www.childrensembassy.org.mk

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка од Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ). Ставовите изразени во оваа публикација се на авторите и нужно не ги рефлектираат погледите и политиките на УНИЦЕФ.

**Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалицијата на невладини организации за правата на детето**

**СОДРЖИНА:**

ПРЕДГОВОР ........................................................................ 9

ВОВЕД ........................................................................ 10

ПРИСТАП КОН ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 13

Собирање на податоците/Методологија ........................................................................ 13

Подготовка на извештајот ........................................................................ 16

Следни активности ........................................................................ 18

ГЕНЕРАЛНИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ........................................................................ 18

Генерална слика ........................................................................ 18

Законска регулатива ........................................................................ 19

Координирање ........................................................................ 22

Национален акционен план ........................................................................ 23

Независно набљудување ........................................................................ 23

Распределба на средства ........................................................................ 24

Собирање на податоци ........................................................................ 25

Соработка со граѓанското општество ........................................................................ 25

ОПШТИ ПРИНЦИПИ ........................................................................ 25

Недискриминирање ........................................................................ 26

Општ преглед: ........................................................................ 26

Од податоците на организациите членки на Коалицијата: ........................................................................ 26

Од работилниците одржани во општините ........................................................................ 29

Најдобри интереси за детето ........................................................................ 30

Почитување на мислењето на детето ........................................................................ 31

Право на детско учество ........................................................................ 32

ГРАЃАНСКИ СЛОБОДИ И ПРАВА ........................................................................ 33

Име, државјанство и регистрирање при раѓање .......... 33
Регистрирање при раѓање .......... 33
Право на државјанство .......... 35
Зачувување на идентитет .......... 36
Слобода на изразување, слобода на здружување и право на информирање .......... 36
Пристап до соодветни информации .......... 38
Мачење или друго сурово, нечовечно или понижувачко однесување или казнување .......... 40
Злоупотреба, запоставување и телесно казнување .......... 41
Насилство во воспитно-образовни институции и институционална злоупотреба .......... 41
Насилство во училиште .......... 42
Семејно насилство .......... 45
СЕМЕЈНА СРЕДИНА И АЛТЕРНАТИВНА ГРИЖА .......... 47
Семејна средина .......... 47
Одземање на родителското право/згрижувачки семејства .......... 49
Исплата на издршка .......... 50
Посвојување .......... 51
ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ .......... 51
Деца со посебни потреби .......... 51
Систем на социјална заштита .......... 55
Здравје и здравствени услуги .......... 56
Доење .......... 57
Ментално здравје .......... 58
Здравје на адолесценти .......... 58
Животен стандард .......... 60
ОБРАЗОВАНИЕ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ .......... 61
Предучилишно образование - Вклученост во предучилишно образование .......... 61

Основно и средно образование ....... 62
Квалитет на наставата ....... 63
Невклученост на децата во образование ....... 64
ПОСЕБНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ....... 65
Деца кои бараат азил и деца-бегалци ....... 65
Економска експлоатација ....... 66
Деца на улица ....... 67
Сексуална злоупотреба ....... 69
Продажба, трговија и грабнување ....... 71
Директна поддршка на жртви ....... 75
Линии за помош на деца и млади ....... 76
Систем на малолетничка правда ....... 77
Ратификување на меѓународни инструменти за човекови права ....... 80
Понатамошни активности и дисеминација ....... 80
ИНДИКАТОРИ И НАОДИ ПО ИСТИТЕ ....... 82
ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ - ЧЛЕНКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОАЛИЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ....... 87

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:**

**МТСП** - Министерство за труд и социјална политика
**МВР** - Министерство за внатрешни работи
**МЗ** - Министерство за здравство
**МП** - Министерство за правда
**МОН** - Министерство за образование и наука
**НВО -** Невладина организација
**УНИЦЕФ -** Детски фонд на Обединетите нации
**ЦСР -** Центар за социјална работа

**НПА -** Национален план за акција

**НП -** Народен правобранител

**ООН** - Организација на обединетите нации

**КПД** - Конвенција за правата на детето

**РМ** - Република Македонија

**ВПД** - Воспитно-поправен дом

**ВРЛ** - Внатрешно раселено лице

**СВР** - Секретаријат за внатрешни работи

**ЕК** - Европска комисија

## ПРЕДГОВОР

Пред Вас се наоѓа Алтернативниот извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија за периодот од 2010/2011 година кој е подготвен од страна на Македонската национална коалиција на НВОи за правата на децата (неформална коалиција) која ја сочинуваат 14 граѓански здруженија и една коалиција на граѓански здруженија.

Периодот за кој се обработува состојбата на правата на децата во Македонија 2010/2011 прикажана во овој извештај се карактеризира со сложена политичка и меѓуетничка ситуација во државата. Дел од сознанијата укажуваат на меѓуетничка поделеност на децата и младите во училиштата, како и на местата каде поминуваат дел од своето слободно време (кафулиња, спортски клубови...). Евроинтерграциите продолжуваат да бидат една од клучните стратешки цели на земјата и се преземаат значајни чекори во насока на исполнување на поставените критериуми за влез во Европската унија, меѓу кои и исполнување на одредени стандарди во делот на остварување на правата на децата. Но, од друга страна, економската ситуација во државата е загрижувачка и проблемот со сиромаштијата е еден од најгорливите со кој се соочуваат граѓаните, што значи и децата како најранлива група.

Прашањата кои се издвојуваат како приоритет, а кои се однесуваат на правата на децата во Р Македонија се:

- задолжително основно и средно образование;
- вклучување на децата во предучилишното образование;
- сеопфатна здравствена заштита;
- социјална помош и поддршка за децата чии родители/старатели не можат да обезбедат основни егзистецијални услови;
- вклучување на ранливите групи деца (деца без родители и родителска грижа, деца на улица, деца со посебни потреби, деца во контакт со законот, деца-бегалци ...);
- правна и психосоцијална помош и поддршка за децата жртви на психичка, физичка и сексуална злоупотреба, експлоатација и насилство;
- заштита на децата жртви на злоупотреба на детскиот труд.

Во продолжение се издвоени главните препораки кои произлегоа како заклучок во текот на подготовката на овој извештај. Ова се препораки за подобро имплементирање на Конвенцијата за правата на детето во пракса:

- кодификација на законските акти кои ги регулираат правата на децата во еден систематизиран правен акт;
- вклучување на децата во работата на Националната комисија за правата на децата при Владата на РМ;
- обезбедување на конкретен буџет наменет само за деца;
- едукација на децата и младите за препознавање на формите на дискриминација и начините за заштита од нееднаквиот третман;
- принципот за најдобар интерес на детето треба да биде составен и водечки дел на сите политики и одлуки кои се однесуваат на децата;
- надлежните институции треба да го земат сериозно во предвид мислењето на детето кога донесуваат одлуки кои се од негово значење;
- неопходно е ангажирање на социјални работници во училиштата кои во координација со останатиот стручен тим ќе утврдат одредени промени во однесувањето на учениците и ќе интервенираат во самите семејства;
- вработување на дефектолози во сите училишта;
- воведување на задолжително предучилишно образование.

## ВОВЕД

Република Македонија е земја потписничка на Конвенцијата за правата на детето[1] и двата нејзини Протоколи: Факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија[2] и Факултативниот протокол за учество на деца во вооружени конфликти[3].

Република Македонија има преземено обврска дека во согласност со членот 44 од Конвенцијата ќе поднесува до Комитетот на Обединети нации (ОН) за правата на детето иницијални и периодични извештаи за примената на Конвенцијата и мерките кои ги има усвоено, а придонесуваат за остварување на правата и напредокот во нивното спроведување.

[1] Закон за ратификација на Конвенцијата за првата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, бр. 150/1990 - Службен весник на Република Македонија, 1993 г.
[2] Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за права на децата за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, Службен весник на Република Македонија, бр. 44/2003, 3 јули 2003 г.
[3] Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за вклучување на децата во вооружени судири, Службен весник на Република Македонија, бр. 44/2003, 3 јули 2003 г.

Комитетот, со цел да добие покомплетна слика за состојбата на правата на децата во една држава членка, дава можност и ги поттикнува невладините организации да изготвуваат Алтернативни извештаи или уште познати како извештаи во сенка. Во овие извештаи Граѓанскиот сектор дава свое видување за ситуацијата на детски права кое доаѓа директно од нивната работа на терен со конкретни случаи каде точно може да се идентификува начинот на остварување на правата на едно дете, одредени повреди, оспорувања или загрозувања, како и постапувањето на надлежните институции кои имаат обврска да создадат услови за реализирање на правата на сите деца кои се наоѓаат на територијата на една држава.

Токму затоа на иницијатива на Првата детска амбасада во светот - „Меѓаши“ на 13 ноември 1997 година е формирана Македонска национална коалиција на граѓански организации за заштита на правата на детето (неформална коалиција) со седиште/секретаријат во Првата детска амбасада во светот - „Меѓаши“. Коалицијата е оформена со цел за подобра заштита на децата и нивните права, како и најдобро да одговори на барањата на Комитетот за правата на детето при Обединетите нации. Оваа коалиција го подготви и го презентираше пред Комитетот за правата на детето при ООН, Алтернативниот извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија кон првиот периодичен државен извештај.

Во 2009 година Македонската национална коалиција за правата на детето повторно беше обновена и проширена со нови организации - членки и две коалиции кои се активни во различни области за правата на детето, со цел да се изготви подетален извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија. Како резултат на целиот процес на подготовка (од ноември 2008 до декември 2009) оваа Коалиција подготви четири алтернативни извештаи, т.е извештаи во сенка и тоа: Алтернативен извештај на НВОи кон вториот периодичен државен извештај по Конвенцијата за правата на детето (КПД) и за состојбата на правата на детето во Република Македонија; Алтернативен извештај на НВОи во однос на државниот иницијален извештај на РМ по Факултативниот протокол на КПД за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија и Алтернативен извештај на НВОи во однос на државниот иницијален извештај на РМ по Факултативниот протокол кон КПД за вклученост на деца во вооружени конфликти.

За првпат во Република Македонија Првата детска амбасада низ конкретна акција за детско учество им помогна на децата да изготват свој извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија со назив „Детски алтернативен извештај за состојбата на правата на децата во Република

Македонија“. Овие извештаи беа презентирани пред Комитетот за правата на детето при ООН во Женева, во февруари 2010 година.

Соработката помеѓу граѓанските организации во Македонската национална коалиција за правата на детето продолжи и во текот на 2010 и 2011 година во насока на следење на состојбата на детските права во Македонија и подготовка на извештај во сенка за спроведувањето на КПД во пракса кој ќе се подготвува секоја година и овие годишни извештаи ќе бидат основа за следниот сеопфатен Алтернативен извештај којшто треба да се подготви и презентира пред Комитетот за правата на детето во 2017 година.

Коалицијата ја сочинуваат 15 невладини организации од Македонија кои го подготвија овој Алтернативен извештај во широк партиципативен процес на сите членови на Коалицијата, а тоа се:

1. Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје;
2. Женска граѓанска иницијатива „Антико“ – Кичево;
3. Коалиција „Сите за правично судење“ –Скопје (коалиција на 17 НВОи);
4. „Лајфстарт“ – Битола;
5. Младински образовен форум – Скопје;
6. Отворена порта „Ла Страда“ – Скопје;
7. „Отворете ги прозорците“ - Скопје;
8. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Скопје;
9. Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци;
10. ХОПС „Опции за здрав живот“ – Скопје;
11. Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово;
12. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар
13. Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп;
14. Центар за човекови права и разрешување конфликти – Скопје;
15. Шелтер центар - Скопје.

Овој извештај претставува оценка на состојбата на правата на децата во Република Македонија на законодавно ниво и во пракса од аспект на граѓанските организации - членки на спомenатата Коалиција.

Имплементирањето на заклучните коментари, односно препораки на Комитетот за правата на детето, тековната состојба на правата на децата во овој период, претходните алтернативни извештаи подготвени од Националната коалиција и од децата беа предмет на мониторингот. Со цел да имаме јасна слика за степенот на почитување на правата на децата, преглед на тоа дали има подобрување или влошување на состојбата, Националната коалиција, почнувајќи од оваа година, подготвува годишни извештаи што ќе бидат основа за следниот периодичен алтернативен извештај.

И во овој Алтернативен извештај Коалицијата на НВОи ќе се стреми да ја оствари истата цел, да даде една сеопфатна слика на поширокатa јавност за планираните и спроведените активности на државата преку конструктивна и компаративна анализа со препораките од Комитетот за правата на детето. Овој извештај, освен што ги нотира преземените иницијативи и мерки, се очекува да ги направи надлежните институции и поодговорни со што ќе се има увид во квалитетот на спроведените активности од нивна страна.

Работата на Коалицијата е поддржана од страна на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија преку проектот „Градење на капацитетите на невладиниот сектор во мониторирање на детските права“.

## ПРИСТАП КОН ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Собирање на податоците/Методологија

Овој Алтернативен извештај се фокусира на реализираните и нереализираните активности од страна на државата во периодот на известување од јуни 2010 до декември 2011 година, кои се однесуваат на спроведување на препораките кои дојдоа од Комитетот во јуни 2010 година како и на реформите што преостануваат да се имплементираат. По анализата на спроведените и постигнатите резултати се дава оценка за степенот и квалитетот на имплементацијата како и препораки за тоа како да се надминат одредени проблеми и што треба да се направи за да се овозможи остварување на правата на децата.

Извештајот на Коалицијата главно се базира на податоци добиени од практичното искуство на организациите - членки на Коалицијата. Податоците се дел од секојдневната работа на организациите и секоја членка, согласно со својата сфера на работа, даде податоци до кои доаѓа преку директната или индиректна работа со целните групи. Дел од податоците се однесуваат на податоци на национално ниво, а дел се однесуваат само на одреден регион, односно одредена урбана или рурална средина. Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ учествуваше со податоци за сексуално образование и заштита од ХИВ и сексуално преносливи болести; Коалицијата „Сите за правично судење“ – (Скопје, коалиција на 17 НВОи) даде податоци за трговијата со деца; „Лајфстарт“ – Битола учествува со податоци за доењето; Младински образовен форум – податоци за почитување на мислењето на младите и нивното учество во донесување одлуки; Отворена порта - Ла Страда – со податоци за трговија со деца; „Отворете ги прозорците“ - податоци за децата со посебни потреби; Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ - користеше база на податоци од директните служби за помош и поддршка како што се: СОС-телефон за деца и млади, Бесплатна правна служба, Дневен центар за деца кои не одат во училиште и податоци добиени од одржани работилници во 20 општини; Советот за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци, со податоци за вклученост на децата во образованието и содржина на наставните планови; ХОПС „Опции за здрав живот“ - податоци за злоупотреба на дрога и алкохол; Центар за граѓанска иницијатива, Прилеп - податоци за трговија со деца; Шелтер центар - Скопје - податоци за деца жртви на семејно насилство згрижени во Шелтер центар.

На подготовката на извештајот претходеа три тренинзи за претставниците од организациите - членки на Коалицијата, во насока на јакнење на капацитетите на невладините организации за мониторирање на детските права. На овие тренинзи, освен што се запознавме подетално со членовите на КПД, начинот на известување и подготвување на ваков вид извештаи, развивме и листа на индикатори. На посебна работилница беа селектирани сет од индикатори врз основа на кои ние - членките на Коалицијата се усогласивме кои податоци ќе бидат обезбедени од чија страна во согласност со областа и подрачјето на кое работиме и видот на програмите кои ги имплементираме. Пред да се отпочне со процесот на мерење на перформансите со помош на меѓународен консултант, освен што беа изработени индикатори кои ги следеа препораките, беше поставена и матрица за мониторинг. Како основа за матрицата беше користен претходниот

сеопфатен Алтернативен извештај за состојбата на правата на децата како и Извештајот подготвен од страна на децата.

Изнесените констатации и оценки се изведени и врз основа на информации прибрани од достапните пишани и електронски материјали и документи како и од контакти со лица вработени во соодветните институции. Притоа, како извор на информации се користеа и електронските и печатените медиуми и официјалните веб-страници на соодветните институции.

Во извештајот се претставени и податоци со кои располагаат државните институции, а беа собрани по пат на писмена кореспонденција. Беа доставени барања до Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Народниот правобранител, Министерството за образование, Заводот за социјални дејности, Управата за извршување санкции, Комисијата за заштита од дискриминација, Националната комисија за правата на детето при Влада на РМ. Добиените податоци од иституциите се земени во предвид при подготвувањето на овој Алтернативен извештај и за наведените информации стои изворот од каде произлегуваат.

При подготвувањето на извештајот се користени и информации добиени од одржани работилници за детски права и ранливи групи деца за претставници на дел од општините во Република Македонија.[4] Во текот на месеците ноември и декември 2011 и јануари 2012 година, беа одржани 20 работилници во: Битола, Гостивар, Маврово и Ростуша, Врапчиште, Дебар, Тетово, Струмица, Охрид, Кавадарци, Прилеп, Велес, Штип, Центар, Ѓорче Петров, Чаир, Лозово, Куманово, Сарај, Карпош и Чашка. Преку работилниците сакавме да добиеме мислења и ставови од учесниците за темите опфатени во Конвенцијата за правата на детето, да стекнеме увид и степен на нивна информираност, но и да дознаеме кои се најгорливите проблеми со кои се соочуваат децата во нивните општини како и препреките на кои тие наидуваат во нивната секојдневна работа на патот на заштита на децата и нивните права. Во секоја од општините поединечно беше разговарано со претставници од општината, како и со стручни лица, како што се: социјални работници, педагози, психолози, дефектолози, инспектори за малолетничка деликвенција, општински просветни инспектори, трудови инспектори, директори на училишта и сл. Со оглед на тоа што целна група беа ранливите групи на деца, при секоја работилница беа разгледувани следните прашања: број на неевидентирани

[4] Активностите поврзани со работилниците со општините беа дел од проектот „Поддршка на ранливите групи деца“ спроведен од Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" во периодот од јули 2011 до јануари 2012 г., кој беше финансиски поддржан од Канцеларијата на Швајцарската агенција за развој во Скопје.

деца во општината, број на згрижувачки семејства, опфатеност на децата во образовниот процес, постоење или непостоење на паралелки за деца со посебни потреби, вклученост на децата во предучилишно образование, број на деца кои злоупотребуваат опојни дроги и други психотропни супстанции, деца чиј труд се злоупотребува во сезонска работа, проблемот со малолетничка проституција, сексуална злоупотреба и педофилија особено во образовните институции и институции што згрижуваат деца и сл.

При подготвувањето на извештајот беа користени информации од официјалната статистика која дава само дел од сликата за состојбата на детските права во Македонија. Постоечката официјална статистика не бележи број на деца кои не се вклучени во училиште, број на деца со посебни потреби, а дел од податоците за кои се води статистика не се сегрегирани по пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и сл.

Дел од податоците доаѓаат и од СОС-телефонот за деца и млади[5], за кој Комитетот на ОН за правата на детето во една од своите препораки препорача овој телефон да се признае како извор на информации и податоци за политиките и законите за правата на детето и како алатка за рано интервенирање и спречување. Со цел да се добие што посоодветен приказ за состојбата со почитувањето, односно непочитувањето на детските права, податоците на СОС-телефонот за деца и млади од минатата година почнаа да се систематизираат согласно препораките на Комитетот што подразбира сегрегација според пол, возраст, место, етничка припадност. Овој вид дополнување ќе овозможи поголема прегледност во намалување или зголемување на одредени повреди на детските права.

Ориентацијата кон ваква широка палета на извори на информации е условена од две причини. Имено, досегашното искуство покажа дека често не можат да се користат само информации од една група на извори, особено за оние информации кои се однесуваат на тековните активности. Втората причина е настојувањето да се оценат конкретните залагања на државата во делот на почитување и остварување на правата на децата во Република Македонија.

## Подготовка на извештајот

[5] СОС-телефонот за деца и млади во рамките на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" функционира веќе 19 години (од октомври 1993 година) и досега се регистрирани вкупно 18 250 повици. Детскиот СОС- телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Повеќе информации на: http://childrensembassy.org.mk/?ItemID=CBAD37229A952F4E9E5F418FF84125C9

Собраните податоци се обработени, систематизирани и анализирани од страна на координаторите во оваа програма. Покрај овие споменати резултати кои даваат пресек на моменталната ситуација, извештајот опфаќа и податоци од некои претходни истражувања и искуства на членовите на Коалицијата. Овој извештај е подготвен врз основа на вака обединетите податоци. Освен резулататите и наодите од секојдневната работа, овој извештај содржи и заклучоци и препораки за унапредување на остварувањето на правата на децата. Во текот на подготовката на извештајот ја следевме структурата која е препорачана од Комитетот за правата на детето така што информациите се систематизирани по области и тоа: општи мерки на имплементација; општите принципи на Конвенцијата; граѓански права и слободи; семејна средина и алтернативна грижа; здравство и социјална помош; образование, слободно време и културни активности и специјалните одбранбени мерки.

По собирањето на податоците низ неколку чекори дојдовме до овој финален извештај. На заеднички состанок организациите ја дефинираа рамката на овој извештај во согласност со областа која секоја организација ја покрива во својата секојдневна работа. Беше направена анализа на податоците, потоа беа систематизирани резултатите кои беа дискутирани на ниво на група во насока на тоа на кои проблеми укажуваат податоците, кои податоци покажуваат позитивна состојба, односно напредок, а кои негативна, потоа споредување со претходни извештаи и слично. Ја обликувавме структурата на извештајот, ги селектиравме најважните заклучоци и дадовме препораки кои сметаме дека се најбитни.

Овој извештај е структуриран така што вниманието го фокусира на следниве насоки кои претставуваат главни компоненти на алтернативните извештаи:

- реализирани активности и преземени мерки во извештајниот период;
- изнаоѓање одговор на прашањето: што останува да се имплементира, т.е. што не е имплементирано или не е доработено?
- оценување на ризикот од неимплементацијата на одредени препораки или недоволно квалитетна имплементација и
- мислење дали во одредена област има напредок или не, како и воведување на нови теми и прашања кои дотогаш не биле идентификувани.

### Следни активности

Следен чекор е запознавање на јавноста, државните институции, како и што поголем број на деца и млади со содржината на овој извештај и процесот на мониторирање, затоа што тоа воедно е и една од препораките на Комитетот. Организирање на промотивни активности во медиумите, публикување на извештајот, поставување на веб-страна, распространување до сите заинтересирани страни. Следат конференции, дебати, тркалезни маси со цел да се презентираат резултатите од спроведеното следење и да се најдат заеднички решенија за идентификуваните недостатоци и надминување на проблемите. Добиените искуства и знаења во текот на овој процес ќе бидат пренесени и искористени во насока на подобрување на состојбата со детските права во Македонија. Лобирањето и застапувањето за детските права ќе се базира на добиената слика за она што е идентификувано како причина за прекршување на правата на децата преку креирање на политики кои ќе бидат инкорпорирани во постојната законска рамка.

## ГЕНЕРАЛНИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

### Генерална слика

Иако од неодамна може да се препознаат напорите на сите заинтересирани страни, вклучувајќи ги релевантните државни институции, за промена на главните недостатоци на грижата за децата, како Коалиција сметаме дека поголемиот дел од препораките кои дојдоа од страна на Комитетот за правата на детето до Република Македонија во јуни 2010 година сѐ уште се актуелни и треба да се работи во правец на подобрување на целокупната состојба.

Она што генерално може да се каже во делот на остварувањето на правата на децата е дека отсуствува одговорноста на системот во ситуации кога ќе се утврди дека има непочитување на правата на децата. Освен некои поединечни случаи, нема системско решение за лоцирање и санкционирање на одговорноста кај вработените во институциите кои поради несоодветно вршење на службената должност влијаеле негативно врз остварувањето на правата на децата. Така има случај каде што на три институции им била потребна цела година да се договорат кој е надлежен да постапува во

конкретниот случај за да го заштитат детето. Поради неможноста да ја утврдат својата надлежност и закоченоста на администатривниот лавиринт, цела година го оставиле детето незаштитено, иако имале информација дека тоа дете живее со насилник.

Во текот на секојдневната работа се забележува дека нема флексибилност во комуникацијата меѓу институциите, а од одредени случаи може да се забележи и дека има и недоволна комуникација и соработка меѓу нив. Понекогаш нема континуитет и концепт на услугите. Во некои од законите се забележува и неконзистентна употреба и различно толкување на одредени поими. И понатаму е карактеристична употребата на различни термини за деца, како дете, малолетник и сл., иако ваквата поделба се смета за оправдана само во кривичното законодавство, затоа што санкциите се различни во однос на возраста на малолетниот сторител.

## Законска регулатива

Комитетот во своите заклучни согледувања по однос на законската регулатива ја советува државата да продолжи и да го заврши усогласувањето на националната легислатива со одредбите на Конвенцијата во консултација со сите важни партнери и со широко учество на граѓанското општество.[6] И покрај тоа што Комитетот препорачува да се консултира Граѓанскиот сектор, во изминатиот период неколку важни закони беа донесени без широк консултативен процес со вклучување на сите заинтересирани страни, меѓу кои и граѓанските организации. Во текот на постапката на донесување на одредени закони дел од членките на Коалицијата не беа консултирани од самиот почеток на процесот.

Во однос на препораката на Комитетот за правата на детето за ревидирање на националната законска регулатива за нејзина усогласеност со Конвенцијата бележи напредок, затоа што во 2010 година е направен компаративен преглед на законодавството во Република Македонија и КПД од страна на Министерството за правда на Република Македонија.[7] Овој извештај

[6] Препораки на Комитетот;

[7] Министерство за правда на Република Македонија (мај 2010): Компаративен преглед на законодавството во Република Македонија и Конвецијата за правата на детето; http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/Macedonian_Full_Report_14_October_Part_1%282%29.pdf

содржи правен преглед на националното законодавство и констатира дека значителен дел од членовите на Конвенцијата се соодветно внесени во домашното законодавство, иако може да се утврдат недоследности во некои области. Меѓутоа, и покрај силната правна рамка, нејзината примена во пракса е слаба. Законите кои ги регулираат правата на децата не се сосредоточени во еден сеопфатен законик туку се уредени со различни закони.[8]

Во изминатиот период можеме да забележиме дека забрзано се одвива процесот на донесување на нови закони, како и измена и дополнување на веќе постоечките, што главно се должи на процесот на евроинтеграција кој наметнува потреба од усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди. Позитивната страна е тоа што на овој начин се надоградува системот со креирање на конкретни инструменти кои гарантираат одредни права како и механизми преку кои тие права може да се резлизираат и заштитуваат доколку не се почитуваат. Но она што загрижува е немањето на воспоставен систем на следење на имплементацијата на законите.

Во изминатиот период се донесени: Законот за спречување и заштита од дискриминација, Закон за посебен регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, а се извршени измени и дополнувања на:

- Законот за работни односи;
- Законот за основно образование каде што се определува задолжително користење на информатичка опрема во училиштата за реализација на воспитнообразовната работа како и реализирање на наставата интерактивно, што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на воспитнообразовната работа;
- Закон за бесплатна правна помош каде што беа вклучени и барателите на азил во категоријата на корисници на правото на бесплатна правна помош. Дотогаш правото на бесплатна правна помош го имаа само лицата на кои им беше признато правото на азил, со што де факто беа опфатени само признатите бегалци и лицата под супсидијарна заштита, а не и барателите на право на азил од моментот на поднесување на барањето во сите фази од постапката;
- Закон за средно образование - воведување на задолжително користење на информатичка опрема како дел од Проектот „Компјутер за секој ученик“ во реализацијата на наставата, подобрување на наставата со

[8] Национална комисија за правата на детето при Владата на Република Македонија (октомври 2011): Национален акционен план за децата, Правичност, инклузија, ефикасност (2011-2015)

воведување на интерактивна настава што подразбира активно вклучување на ученикот во наставата.

Во текот на подготовката на овој извештај Коалицијата на невладини организации согледа дека има позитивен напредок во делот на промената на легислативата, но дека има проблеми во спроведувањето во пракса на законите како и КПД што се должи на повеќе фактори, како недоволно добро направената проценка за потребните средства за спроведување на законот, недоволна едукација на професионалниот кадар којшто треба да ги спроведува законите, воспоставен систем за следење на почитувањето на детските права како и соодветна санкција за директните прекршители на детски права така и кон оние кои имаат обврска да ги заштитат правата на децата, но тоа не го направиле или го направиле недоволно професионално.

Во Република Македонија ратификуваните меѓународни договори во согласно со Уставот на РМ стануваат составен дел на македонското законодавство што значи дека во случај на правна празнина во националното законодавство може да се примени норма од меѓународното право, дури во ситуација на колизија на домашна правна норма со меѓународна одредба, приоритет се дава на меѓународната одредба. Иако меѓународните документи имаат приоритет пред националните закони, во пракса домашните органи меѓународните прописи ги применуваат во многу мал број случаи. Едукациите кои се вршат за професионалците кои ги имплементираат законите и меѓународните стандарди се очекува дека треба да придонесат за почеста примена на КПД и другите меѓународни инструменти кои се однесуваат на правата на децата.

Може да констатираме дека има благ напредок во однос на усогласување на законската регулатива, но потребно е да се работи уште доста на оваа тема. Со цел конзистентно постапување во однос на заштитата на правата на децата потребно е сите законски акти кои се однесуваат на одредени права на децата како и механизми за нивна заштита да се систематизираат во еден правен акт.[9] Тој процес на кодификација ќе обезбеди натамошно осовремување на законските решенија иако навидиум е голем предизвик во областа на правата на децата.

**Препораки:**

[9] Национален акционен план за децата

- обука на професионалците за одредбите од КПД и двата факултативни протоколи кон КПД, како и другите меѓународни договори кои се однесуваат на правата на децата;
- потранспарентен процес на носење на клучните закони;
- кодификација на законските акти во еден систематизиран правен акт.

## Координирање

Националната комисија за правата на детето при Владата на РМ[10] како главно владино тело кое е задолжено за примена на КПД и преземање активности во делот на заштита на детските права во декември 2010 година ја прошири својата надлежност и за следење на имплементацијата, освен на КПД и на Факултативните протоколи кон Конвенцијата, Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија и Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти.

Иако во една од препораките на Комитетот стои дека Националната комисија треба да овозможи доволно начини за делотворно учество на локалните власти, во Комисијата сè уште не се вклучени претставници на локалната самоуправа. Иако детското учество е еден од основните принципи на кои се темели КПД и активностите кои ги презема Комисијата се во насока на остварување на правата на децата, тие сè уште не се членови на оваа Комисија за да може да дадат свое мислење и препораки при донесувањето на одлуки кои се од нивно значење.

За поздравување е тоа што Националната комисија за правата на децата во Република Македонија го измени Деловникот за работа со што претставниците од здруженијата кои учествуваа во работата на Комисијата без право на одлучување се стекнаа со исти права и должности како и членовите на Комисијата. Воедно Комисијата ја потврди определбата за зголемување на бројот на здруженија кои учествуваат во нејзината работа со уште две здруженија, па така сега членови се Прва детска амбасада во светот "Меѓаши", Коалиција „Сега“ - Прилеп, „Лаифстарт“ - Битола и „Сумнал“ - Скопје.

Препораки:

[10] Податоците во оваа потточка се добиени од Националната комисија за правата на детето.

- вклучување на децата во работата на Комисијата;
- поголема финансиска независност на Комисијата, односно Комисијата да располага со сопствен буџет;
- поголема видливост на Комисијата во промоција и заштита на правата на децата во јавноста;
- вклучување на претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа во работата на Комисијата;
- вклучување на претставници од Синдикатите за образование, наука и култура и од Стопанските комори, односно работодавачите.

## Национален акционен план

Во работна процедура е Национален акционен план за децата во Република Македонија 2011-2015 година кој го заменува Националниот план за акција за правата на децата, 2006 - 2015 година, усвоен од страна на Владата на Република Македонија во март 2006 година. Овој ревидиран план за акција го следи претходниот план со што се насочува кон препораките и завршните согледувања од Комитетот за правата на детето при Обединетите нации испратени до Владата на РМ во јуни 2010 година.[11]

За поздравување е тоа што граѓанските организации беа консултирани и имаа можност да дадат свои коментари и дополнувања на НАП додека беше во работна процедура. По разгледувањето од страна на Националната комисија за правата на децата и мислењата од страна на ресорните министерства, истиот ќе биде доставен на разгледување и усвојување од страна на Владата на Република Македонија.

## Независно набљудување

И во овој извештај можеме да констатираме дека Народниот правобранител е отворен за соработка со граѓанскиот сектор и постапува по доставени претставки од невладните организации со што ги информира за

[11] Национален план за акција (2011 - 2015)

преземените мерки и активности од негова страна. Во 2010 година предвидените активности на Народниот правобранител биле реализирани со 61 895 000,00 денари или во проценти 95,7% од планираните средства.[12] Во Годишниот извештај за 2010 година за работата на Народниот правобранител е констатирано дека начинот на финасирање на институцијата не е адекватен на нејзините надлежности и позиција во уставноправниот систем на Република Македонија.

Но, повторно можеме да ја потврдиме и констатацијата од претходниот Алтернативен извештај дека државните органи, институциите кои вршат јавни овластувања и други правни лица, иако имаат законска можност и обврска за пријавивање на можни кривични дела за кои се гони по службена должност, истото многу ретко го прават.

## Распределба на средства

Комитетот во заклучните согледувања нотираше дека е неопходно да се определат посебни средства за спроведувањето на НАП како и да се обезбедат соодветни средства за сите општини да ги исполнат своите обврски за спроведувањето на локалните планови и услуги за децата. Претставници од неколку општини нѐ информираа дека средствата со кои располагаат општините првенствено зависат од развиеноста на општината како и степенот на децентрализација на општината, односно дали општината е во фаза на фискална децентрализација.

Комитетот препорачува колку што е можно поитно центрите за социјална работа да ги осигураат потребните човечки, технички и финансиски средства за обезбедување услуги во сите области од нивниот мандат. Од директните средби со вработени во ЦСР дојдовме до сознанија дека и покрај поднесените барања до соодветните министерства за добивање на согласност за вработување на човечки ресурси и обезбедување на техничка опрема, процедурите за добивање на истите се многу долги, а често пати се случува и воопшто да не се даде согласност и тоа најчесто од финансиски причини.

Препораката во претходниот Алтернативен извештај за формирање на посебна ставка во буџетот со точно определен процент наменет за децата не е земена во предвид со должно внимание од страна на надлежните институции

[12] Годишен извештај 2010, Народен правобранител, Скопје, март 2011

така што сè уште буџетот се структурира по сектори, каде најчесто средствата се наменети за активности, а не за целни групи. На тој начин не може секогаш да се осигура конкретен буџет наменет само за деца.

### Собирање на податоци

Не постои методичен пристап кон собирањето податоци за следење на состојбата на децата и не постои централизирана база на податоци за ранливи групи на деца. Институциите располагаат со интерни бази на податоци, но впечатокот е дека недоволно комуницираат помеѓу себе и ги разменуваат. Освен Државниот завод за статистика кој се занимава со собирање и структурирање на податоци, ретко која друга институција изработува база на податоци за деца, сегрегирани по пол, возраст, урбана и рурална област и со посебен акцент на децата од ранливите групи вклучувајќи ги и децата жртви на злоупотреба, запоставување или малтретирање, деца кои се исклучени од образование, децата со инвалидитет, децата-бегалци и децата кои бараат азил, децата во судир со законот, децата чиј труд се злоупотребува, децата на улица и децата кои не се вклучени во училиште.

### Соработка со граѓанското општество

Соработката со граѓанското општество најчесто се одвива преку членување на невладините организации во Националната комисија за права на детето, Национален совет за превенција од малолетничко престапништво, Координативното тело за спроведување на Акционен план за справување и превенција од сексуална злоупотреба на деца и педофилија, Координативно тело за заштита од злоупотреба и занемарување и други. Во дел од овие тела и комисии улогата на невладините организации е повеќе симболична отколку суштинска, но има и позитивни примери на соработка на Владата со НВОи во случаи каде дел од активностите за имплементација на одредена стратегија или акционен план се спроведуваат директно од граѓанските организации. Може да се забележи дека државните институции започнуваат да гледаат во граѓанскиот сектор партнер во делувањето во насока на остварување на правата на децата.

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

## Недискриминирање

### Општ преглед:

Од уставната и законската рамка за заштита на човековите права и забраната на дискриминација може да се заклучи дека Република Македонија постигнала одреден напредок во зајакнување на правната рамка за заштита на човековите права и слободи. 2010 и 2011 година беа доста значајни кога е во прашање заштитата од дискриминација. Беше донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација[13] како општ закон во кој се наведени облиците на дискриминација (директна и индиректна дискриминација), како и исклучоците од дикриминација (општи и посебни). Комитетот го нотира долгиот список на исклучоци од она што претставува дискриминација со што може да се загрозат најдобрите интереси на детето. Законот за спречување и заштита од дискриминација сè уште нема измени и дополнувања во основите за спречување и заштита од дискриминација што беше една од препораките на ЕУ како и констатација на Комитетот за правата на детето.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација на 1 јануари 2011 год. основана е Комисија за заштита од дискриминација, во состав од 7 членови именувани од Собранието на Република Македонија. Врз основа на добиените податоци од Комисијата за заштита од дискриминација во периодот од основањето до јуни 2011 година поднесена е една претставка која се однесува на дискриминација врз деца (врз основа на возраст) и Комисијата постапува по истата.[14] Овој податок го наметнува прашањето дали децата можат да идентификуваат дискриминација и дали знаат каде да се обратат доколу се дискриминирани. Само една поднесена претставка до Комисијата за заштита од дискриминација може да се каже дека укажува на сè уште недоволната информираност на децата со принципот на недискриминација како и улогата на Комисијата.

### Од податоците на организациите членки на Коалицијата:

Искуството на невладините организации и нивното постапување во конкретни случаи покажува дека децата со посебни потреби и понатаму се жртви на дискриминација на повеќе основи. Овие деца се изолирани и изложени на предрасуди и игнорирање од страна на заедницата. Во некои

[13] Службен весник на Република Македонија број 50/2010

[14] Извор: Комисија за заштита од дискриминација

средини е забележан/нотиран однос врз основа на стереотип кон децата со специјални потреби. И понатаму постои во некои институции ограничен пристап поради архитектонски и други пречки.

Ромите се изложени речиси на сите форми на дискриминација. Според оние податоци кои постојат проблемите со кои тие се соочуваат се од основен егзистенцијален карактер, како прашањето на домување, односно нерешено станбено прашање, низок животен стандард, голема невработеност, висок процент на неписмени, мал број на деца опфатени во редовен образовен систем.

Ромските деца се во многу мал процент вклучени во предучилишното образование. Во учебната 2009/2010 година вклучени се вкупно 264 деца од кои 139 се машки, додека бројот на девојчиња кои одат во предучилишни установи е 125.[15] Една од главните причини за нивното исклучување од предучилишното образование е партиципацијата која нивните родители не можат да ја обезбедат, а се корисници на социјална помош. Има невладини организации кои организираат згрижување на децата Роми. Овие напори се за поздравување, но не се доволни. Се преземаат низа вонинституционални иницијативи, но за жал поголемиот дел од нив немаат обезбедена одржливост и зависат од меѓународните фондови. Бројот на запишани деца Ромчиња во основното образование сѐ уште е мал и стапката на напуштање на училиштето е висока. Според публикацијата од 2011 година „Правото на децата Роми на образование“ од 63 % деца Роми кои биле запишани во основно училиште, само 45 % го завршуваат истото.[16]

Што се однесува на вклучувањето на деца припадници на ромската популација во образовниот систем може да се констатира дека постои одреден напредок, но сепак постојат проблеми на кои треба да се работи. Проблем за остварување на правото на образование, покрај сиромаштија претставува и неевидентирањето на децата во извод на матична книга на родените. Одредени ромски граѓански организациии прават напори за вклучување на децата во образованието, но и покрај Декадата на Ромите имаа ограничени финасиски ресурси недоволни за целосно остварување на ова право.

Сѐ уште се практикува сегрегација на учениците Роми. Како резултат на недоволно поседувањето на социјални вештини, некои од ромските деца се

[15] Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија, Скопје, мај 2010 http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/analiza_obrazovanie_romi.pdf

[16] http://www.unicef.org/ceecis/UNICEF_ROE_Roma_Position_Paper_Web.pdf

третираат како ментално и физички хендикепирани и затоа се испраќаат во специјални училишта. Според Извештајот во 2011 година на Европската комисија за напредокот на Република Македонија децата Роми продолжуваат да се запишуваат во одделенија за деца со посебни образовни потреби. Околу половина од децата кои се вклучени во овие одделенија се Роми, иако тие претставуваат само 2,6 % од вкупната популација. [17] Се попречуваат децата во нивниот понатамошен развој со тоа што деца кои не се со интелектуална попреченост се запишуваат во специјални училишта што претставува дополнителна дискриминација, а тоа се прави со цел родителите да користат одредени финансиски бенефиции.

Прашањето за достапност до правен застапник како и прашањето на ефикасност на судска заштита на нивните права претставува уште една препрека во остварувањето на правата на Ромите. Без оглед на можноста како социјално ризична популација да бараат и да добијат бесплатно застапување и правна помош од адвокат, во согласност со Законот за бесплатна правна помош, тие во најголем број не се запознати со оваа можност или имаат проблем во собирањето на документите потребни за поднесување на барањето.

Македонската национална коалицијата на НВОи за правата на детето посочува примери на случаи на дискриминација пријавени на СОС-телефонот за деца и млади.

На ден 12.5.2011 година петмина претставници од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ го посетија прифатниот центар за бездомни лица „Страхил Андасаров“ во Љубанци кој се наоѓа 20 километри од Скопје. Во оваа посета претставниците забележале дека во прифатниот центар се сметени 53 луѓе за кои имаме неофицијален податок дека 35 се деца, а кои уште при самото влегување на претставниците се пожалиле на несоодветните услови кои ги имаат и на недоволната грижа од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Многу е загрижувачко што децата немаат здравствена заштита, нема лекар во близина. Дополнителена потешкотија им претставува кога децата треба да ги носат на лекар или на контрола, затоа што превозот е проблем, а пеш не можат, бидејќи домот е многу далеку од Скопје, а и немаат пари да ги платат прегледите. Ние за овој сучај се обративме до Министерството за труд и социјална политика, до Народниот правобранител.

[17] http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/MK/PR_2011_mk.pdf

Нашите ангажмани како Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ не застануваат тука, ние продолживме со мониторирање на овој случај. Повремено стапувавме во контакт со некои од луѓето кои се сместени во домот „Страхил Андасаров“ за да ја провериме состојбата. Освен до горенаведените институции ние со обративме со писмени претставки и до Министерството за образование и наука како и до Комисијата за заштита од дискриминација, а во повеќе наврати телефонски стапивме во контакт со одговорните лица во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа.

Во врска со нашите претставки до соодветните надлежни институции добивме одговори во кои се наведува дека ќе се направи увид во прифатниот центар, дека точната бројка на децата кои се сместени таму, а кои се на училишна возраст и кои не се вклучени во образовниот процес е 27 деца, дека е обезбеден простор во самиот прифатен центар за изведување на настава. Исто така, нè известија дека детален извештај за состојбата на децата во овој прифатен центар е направен и доставен до надлежните институци за преземање на законски мерки и активности за надминување на ваквата состојба.

## Од работилниците одржани во општините

На дел од работилниците одржани во општините беше потенцирано дека некои родители намерно ги запишуваат нивните деца во посебни основни училишта со цел да бидат згрижени, да добијат топол оброк и обувки и да се стекнат со основно образование наменето за деца со посебни потреби, неадекватно за нивната интелектуална зрелост. Дел од учесниците нагласија дека родителите ги отпишуваат децата од редовно училиште со изговор дека тешко го разбираат материјалот, не сфаќаат и слично, а потоа ги запишувале во посебни училишта со намера да ги користат овие бенефиции, при што вршат индиректна дискриминација на нивните деца. Во текот на работилницата се наметна прашањето како се врши категоризацијата на децата и за одговорноста на оние коишто го издаваат наодот. И покрај сомнежот за несоодветна категоризација од страна на стручните лица кои ги подготвуваат овие наоди, нема соодветна реакција на училишните психолози и педагози или просветниот инспектор за следење на состојбата на децата врз основа на претходно утврдена категоризација, и доколку установат дека категоризацијата не е соодветна, не инстистираат и не бараат рекатегоризација. Исто така, следна алка во овој процес е улогата на стручниот тим од редовните училишта кој го следи префрлањето на учениците од редовно во специјално училиште. Оваа појава постоела од порано кога родителите ги запишувале децата во посебни

училишта, бидејќи не плаќале за учебници, но сега кога училиштето е задолжително и бесплатно во полза на родителите за запишување на нивните здрави деца во посебно училиште е згрижувањето.

Препораки:

- измени и дополнувања на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- поголема сензибилизација на општата популација и на стручните кадри за еднаквост на сите граѓани;
- едукација на децата и младите за препознавање на формите на дискриминација и начините за заштита од нееднаквиот третман;
- поголема мобилност на училишните психолози, педагози или наставниците кои работат директно со оваа категорија деца кои го следат психофизичкиот развој на децата; доколку утврдат дека детето има поголем напредок во неговиот психофизички развој за разлика од другите деца со посебни потреби интензивно и периодично да бараат рекатегоризација со цел децата да бидат вклучени во редовно училиште.

## Најдобри интереси за детето

Направен е преглед на сите важни закони во делот кој се однесува на принципот за најдобар интерес на детето. Но во дел од законите кои се однесуваат на правата на детето, а каде што е идентификувано дека овој принцип не е внесен, сè уште не се направени измени и дополнувања. Обично се остава на правната пракса и на теоријата да го разработи овој принцип и да се постапува и толкува индивидуално, во зависност од секој случај, особено во државните институции кои се надлежни за имплементирање на правата на децата.

Во најголем број од случаите институцијата која го утврдува најдобриот интерес за детето е Центарот за социјални работи. Во Република Макеоднија има вкупно 30 центри за социјална работа кои тековно покриваат 84 општини, со вкупен број на вработени од 1040 во 2010 год., што е за 15 вработени повеќе во однос на 2009 година кога тој број  изнесувал 1025 вработени. Во 2010 год. бројот на социјални работници изнесувал 278, што е помалку во споредба со 2009 год. кога бил 285 лица вработени во својство на социјални работници.[18] Сметаме дека техничките и финасиските капацитетите на центрите како и бројот

[18] Државен завод за статистика, Република Македонија, Скопје (октомври 2011): Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица 2010-2011; http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.16.pdf

на човечки ресурси со кои располагаат се недоволни за да може во целост да ги остваруваат ингеренциите кои им се доделени. Потребна е дополнителна едукација и обука и сензибилизирање за правата на децата и вработување на нови социјални работници кои ќе работат на терен со намера да превенираат и да санираат со што ќе може да постапуваат во насока за најдобар интерес за децата.

Препораки:

- принципот за најдобар интерес на детето треба да биде составен и водечки дел на сите политики и одлуки кои се однесуваат на децата;
- екипирање на центрите за социјална работа со човечки ресурси, како и финансиски и технички средства со цел посоодветно утврдување на најдобриот интерес за децата;

## Почитување на мислењето на детето

Генерално гледано не може да се каже дека овој принцип е почитуван во законодавството на Македонија и дека е инкорпориран во сите сегменти на детскиот живот. Сè уште на децата се гледа како на објекти, а не на субјекти на детските права. Возрасните не ги вклучуваат доволно во процесите на одлучување. На пример, детето би требало да биде консултирано за неговото/нејзиното мислење кога се одлучува на кого да се додели во бракоразводните случаи. Во врска со прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки во 2011 година на СОС-телефонот за деца и млади има значителен број на пријави - 6,29 % од вкуниот број на регистрирани случаи, поточно 30 деца. Во овие случаи постои можна повреда на правото на детето за видување со двајцата родители, почитување на неговото мислење при донесување на одлука кога се регулираат односите помеѓу родителите.

Соодветните институции се правно обврзани да го почитуваат правото на детето кога е одвоено од еден или од двајцата родители, да одржува контакти со обата родители, освен ако тоа не е во спротивност со неговите интерси. Државните институции кои ја имаат јурисдикцијата врз процесот на одлучување често не го земаат во предвид фактот дека контактот со двајцата родители е во полза и интерес на детето и тие не прават доволно за да го овозможат овој контакт. Особено центрите за социјална работа треба да се ангажираат повеќе во одржувањето на родителската врска после разводот на родителите со што ќе се овозможи оставрувањето/исполнувањето на правото на детето да одржува контакти со двајцата родители.

Може да констатираме дека нема значаен напредок во делот на препораката на Комитетот дека „државата-членка треба да промовира и да ги олесни во семејството, во училиштата, во заедницата и во општеството, воопшто, почитување на ставовите на децата и нивно учество во сите прашања кои ги засегаат“.

**Препораки:** надлежните институции треба да го земат сериозно во предвид мислењето на детето кога донесуваат одлуки кои се од негово значење.

## Право на детско учество

Според податоците од истражувањето „Капитулација, конфузија или отпор: социјалниот капитал на македонските средношколци“ спроведено од Младинскиот образовен форум, средношколците реално не учествуваат во ученичкото управување. Дури 70% од средношколците не знаат дали имаат ученичко управување во нивното училиште, а 81,3% никогаш не учествувале во избор на Средношколската унија. Дополнително, средношколците се поделени околу тоа колку можат да влијаат врз начинот на којшто е управувано училиштето. Сепак, училиштето е многу важно за средношколците (76%).[19]

Но, освен што не учествуваат во управувањето во училишните кругови, младите луѓе не се доволно ангажирани и во учеството, носењето на одлуки и решавањето на одреден проблем и надвор од училиштето, поточно во заедницата во која живеат. Па така, на прашањето: *„Дали некогаш си работел/а заедно со друг или во група за да решите одреден проблем во градот во којшто живееш?*, 62, 8% од средношколците одговориле дека никогаш во својот живот не биле ангажирани во решавањето на одреден проблем во сопствениот град. Од тие што биле ангажирани, 21, 6% тоа не го сториле во последната година. Само 15, 5% од средношколците биле вклучени во некаков вид активност во последната година.[20]

На прашањето: Што за време на средношколските денови веќе си направил/а на училиште?, добиени се одговори: - Имам напишано писмо до непознато лице/институција; - Имам одржано говор или усна презентација; - Имам учествувано во дебата/дискусија во којашто требав да убедам некого во мојот став; - Имам посетено државна/општинска институција; - Ништо од гореспоменатото. Од средношколците во истражувањето 46, 3% немаат направено ниту една од споменатите активности. Само 6, 7% имаат напишано

[19] Извор: Младински образовен форум

[20] Исто

писмо до институција или до непознато лице, 27, 4% имаат одржано говор или усна презентација, 23% имаат учествувано во дебата и само 16, 5% имаат посетено државна или општинска институција.[21]




И во овој извештај стојат препораките од претходниот алтернативен извештај дека треба да се предвиди законска обврска детето да го каже своето мислење во постапките кога се носи одлука за негово одземање од едниот родител или кога се носи одлука кај кој родител ќе остане да живее, ако родителите не живеат заедно или ако дојде до развод на бракот. Исто така, во Законот за семејството да се внесе одредба дека родителите имаат обврска да ги консултираат и да ги земат предвид мислењата, ставовите и желбите на децата, зависно од нивната возраст и степен на зрелост кога носат одлуки за нив и нивните права и интереси.

## ГРАЃАНСКИ СЛОБОДИ И ПРАВА

### Име, државјанство и регистрирање при раѓање

### Регистрирање при раѓање

#### Општ преглед

И во овој извештај може да се потврди констатацијата од претходниот Алтернативен извештај дека во РМ има деца кои не се регистрирани и немаат соодветна документација за идентификација што претставува пречка во остварување на сите останати права кои на децата им следуваат, односно ги

[21] Исто

имаат во еден правен систем. И понатаму непоседувањето на лични документи е пречка за децата да се вклучат во образование, да добијат пристап до здравствените и другите јавни услуги, вклучително и детскиот додаток. Најголем дел од овие деца доаѓаат од маргинализираните групи како улични деца, деца кои не се вклучени во редовниот образовен процес и сл.

Но, може да се забележи дека евидентно е залагањето и преземање на активности од страна на државата со спроведување акција за регистрирање на неевидентираните лица во Матичната книга на родените. Со цел поголема координација во насока на подобро спроведување на акцијата била формирана меѓуресорска работна група во која се вклучени претставници од МТСП, од МВР, Управата за водење матични книги, центрите за социјална работа, ромските информативни центри, како и претставници на ромски НВОи кои биле на терен по градовите низ државата и ја констатирале состојбата. Во почетокот во акцијата биле вклучени претставници од ромската популација, затоа што се тргнува од тоа дека најголем дел од неевидентираните лица се Роми, а според најавите на Министерството, во наредниот период ќе бидат вклучени и претставниците на другите етнички заедници.[22]

**Од работилниците одржани во општините**

Речиси во сите посетени општини беше утврдено дека има неевидентирани деца, но дека се преземаат мерки за нивно евидентирање и можност за остварување на нивните права. Имено, неевидентираните деца, освен тоа што немаат лични документи, односно извод од матична книга на родени, тоа им претставува пречка и тие не можат да се запишат во училиште или градинка, не можат да го остваруваат правото на здравствена заштита и сл. Тие се невидливи деца кои не постојат во општината, односно државата и за нив не се води никаква евиденција, односно се препуштени сами на себе. Поради тоа што ова е многу заначаен проблем, во општините се во тек постапки за евидентирање на децата и запишување во матична книга на родени. Оваа постапка ја вршат во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

Во Општина Битола беше посочено дека неформалната бројка на неевидентирани деца во оваа општина изнесува околу 100 деца. Но, социјалните работници работат на терен, ги пронаоѓаат овие деца и им помагаат да се евидентираат. Исто така, она што е многу значајно е тоа што во Битола се работи на отварање на дневни центри за деца на улица, бидејќи јасно

[22] http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=AB8DA067645AB44A9293AD9913F16A7E

е дека најчесто неевидентираните деца се деца кои немаат основни услови за егзистенција, постојано се на улица, просат и се жртви на детска проституција.

Во Општина Кавадарци беше истакнато дека голем број на деца немаат државјанство, извод од матична книга на родени, немаат ни постојана адреса на живеење. Па според тоа, кога треба да им се пратат некакви покани на родителите за едукација, соопштенија или пријави, истите не може да се достават. Најчесто овие семејства се во Кавадарци само определен период од годината, па се селат во некој друг град, па повторно се враќаат и така наизменично, во зависност од тоа каде ќе најдат работа. Тоа го отежнува уште повеќе процесот на нивно евидентирање, бидејќи не се постојано на територијата на општината.

Во Општина Прилеп со помош на акцијата којашто ја има спроведено МТСП дел од ромските семејства, започнале да вадат документи за своите деца.

Од податоците со кои располагаме можеме да заклучиме дека проблемот со неевидентираните деца и покрај преземањето на активности, сè уште е актуелен и треба да се преземат следни чекори за истиот да се елиминира. Во некои општини се забележува дека веќе постои соработка помеѓу општините и надлежните министерства, дека се праќаат прашалници до општините кои се пополнуваат и со тоа се води прегледна евиденција за бројот на неевидентирани деца, а исто така, во некои општини се работи на тоа веднаш да им се помогне на семејствата да ги евидентираат своите деца и тие да добијат извод од матична книга на родени. Во секој случај, потребна е поголема соработка помеѓу сите институции кои можат да помогнат во решавањето на овој проблем.

**Препораки:**

- поголема соработка помеѓу сите институции кои можат да помогнат во решавање на овој проблем;
- поедноставување на процедурата за вадење на документи од извод од матична книга на родените;
- едукација на родителите/старателите за навремено пријавување на децата во Управата за матична евиденција.

## Право на државјанство

Препораката на Комитетот дека Република Македонија треба да ги потпише и ратификува Конвенцијата на Обединетите нации за намалување на

бројот на лица без државјанство од 1961 година[23] и Конвенцијата на Советот на Европа за избегнување на немањето државјанство во однос на сукцесија на држави од 2009 година[24] до сега не е реализирана.

## Зачувување на идентитет

Според препораката на Комитетот во делот на зачувување на идентитетот може да се констатира дека државата нема преземено законодавни и други мерки да осигура дека децата кои се посвоени се запознаени со фактот за нивното посвојување, дека имаат пристап до тие информации на соодветна возраст и степен на развој.

Од искуството во секојдневната работа може да се констатира дека во постапките за посвојување, не е доволно заштитено правото на детето да знае кои му се родители. Кога ќе се донесе решение за посвојување се врши нов запис за раѓање на посвоеното дете и податоците од родителите се заменуваат со податоците на посвоителите. Не постојат законски можности за децата кои се посвоени да го откријат идентитетот на нивните биолошки родители независно од возраста и степенот на развој.  При потполното посвојување се внесуваат податоци во решението од кои не може да се открие индентитетот на родителите на детето (Закон за семејство).[25]

Препораки:

- промена во Законот за семејство со што ќе се даде правна основа за детето да може да го дозне своето потекло на соодветна возраст и степен на развој;
- измени во Законот за семејство во делот на почитување на волјата на детето, кога се посвојува наместо досегашните 12 да биде 10 години.

## Слобода на изразување, слобода на здружување и право на информирање

Во контекст на препораките на Комитетот може да се констатира дека не се направени измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование, односно не е предвидено активно учество на децата што ќе

[23] http://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=V-4&chapter=5&lang=en

[24] http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ChercheSig.asp?NT=200&CM=8&DF=&CL=ENG

[25] Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92,9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10 и 156/10)

овозможи децата да го остварат своето право на изразување на своите мислења и ставови во училишните активности.

Се бележи чекор напред во делот на правото на здружување на децата. Согласно новиот Закон за здруженија и фондации[26] е предвидено и деца со наполнети 15 години да може да формираат здруженија на граѓани, што не беше случај во претходниот закон. Тие може да бидат основачи на здружение преку давање изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник за целите за кои се основа здружението во согласност со законот. Истиот закон го уредува и членството на деца до 14-годишна возраст во здружение со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата.

Во истражувањето на МОФ речиси една третина од средношколците сметаат дека е попаметно да молчат кога не се согласуваат со професорите. На прашањето: *„Кога учениците не се согласуваат со професорите, дали сметаш дека тие треба јавно да го искажат своето мислење или попаметно е мислењето да си го задржат за себе?,* охрабрувачки висок процент средношколци (65, 8%) претпочитаат да го кажат своето мислење дури и ако тие не се согласуваат со своите професори. Сепак, речиси една третина од нив (31, 1%) сметаат дека е попаметно да молчат. На ова прашање одговор не дале 3, 1% од испитаниците. Од етничките групи највоздржани се Власите и Албанците (45% и 41% од влашките, односно од албанските средношколци, последователно, сметаат дека е подобро да си молчат), а најгласни се Турците и Македонците (75% и 70% од турските, односно од македонските средношколци, последователно, сметаат дека е подобро да си го кажат своето мислење). Разлики постоеја и меѓу учениците од село и од град, со тоа што средношколците што живеат во руралните средини е поверојатно да сметаат дека несогласувањето треба да се премолчи. Најинтересна разлика постои меѓу половите каде средношколките, неочекувано, во просек повеќе сметаат дека треба да си го кажат своето мислење од своите машки соученици: 70% спрема 66%.[27]

Според повиците на СОС-телефонот за деца и млади и во 2011 (15 јавувања или 6, 38%) и во 2010 (19 јавувања - 7, 95%) година може да се забележи дека од вкупниот број на јавувања само едноцифрен процент отпаѓа на јавувања од страна на децата. Така и во овој извештај може да се констатира

[26] Закон за здруженија и фондации „Службен весник на Република Македонија“ број 52/10, 135/11; Во чл.15, став 3 се вели: „Здружение на граѓани може да основаат малолетни лица со навршена 15-годишна возраст преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението во согласност со закон.“

[27] Извор: Младински образовен форум

дека децата не се запознаени и охрабрени да се јават и да зборуваат за своите проблеми иако телефонот е пред сè наменет за нив, а и според истражувањето[28] спроведено во 2009 година, е втор по препознаеност кај децата веднаш после телефонот на полицијата.

Препораки:

- измена и дополнување на Законите за основно и средно образование во делот на партиципација на децата во донесувањето на одлуки во училиштето;
- поголемо информирање на децата за можностите за пристап до инфромации од нивен интерес;
- едукација на децата за законските обврски кои произлегуваат од основање на здружение на граѓани.

## Пристап до соодветни информации

Во делот на пристапот до соодветни информации на децата како и обврските кои државата ги има за да ги заштити може да забележиме дека, освен заштита на децата од несоодветни содржини во аудиовизуелните и печатените медиуми, како дополнителен проблем се наметнува пласирање на порнографски и други штетни материјали како и злоупотребата на децата на интернет и на социјалните мрежи каде децата поминуваат значителен дел од своето слободно време.

Пријавите за злоупотреби на деца на интернет во изминатиот период почнаа да стануваат актуелни и во Република Македонија. На СОС-телефонот за деца и млади сè повеќе возрасни лица се јавуваат за да пријават несоодветни фотографии на фејсбук-профилите од возрасни лица или со деца. Има и пријави за видеоматеријали со сексуални содржини од малолетни лица поставени за да ги нарушат угледот и достоинството на друго малолетно лице. Многу често децата и младите преку можностите за директна комуникација кои ги нуди интернетот, разговораат со непознати лица на кои целосно им се доверуваат, а неретко и прифаќаат средба со нив. Во 2011 година беше регистрирана пријава каде лице кое претходно било обвинето за полов напад врз малолетник што не наполнил 14 години, сè уште преку фејсбук лажно се претставувал, измамувал и подведувал малолетни деца.

[28] Перцепција на децата за нивните права, дискриминација и насилство врз децата, 2009 година http://childrensembassy.org.mk/?ItemID=DED8E0F2EA1A2B4DB67BFA37D65147EB

За заштита на правата на детето и обезбедување сигурност и безбедност во користењето на Интернет, треба да се обезбеди и да се реализира подигање на јавната свест за онлајн-ризиците и мерките на заштита. Потребно е поактивно вклучување на сите надлежни институции со цел преку организирана борба да се справиме со нелегалните содржини (особено сексуалната злоупотреба на деца, детска порнографија) и да се спречи штетното однесување на онлајн-предаторите кои ги напаѓаат профилите, како и љубопитноста, несикуството и незнаењето на децата.

Родителите/старателите се, исто така, клучни во заштитата на децата на Интернет. Тие мора да бидат повеќе внимателни како нивните деца го користат Интернетот. Потребно е родителите да поставaт и временско ограничување за времето поминато на Интернет во текот на еден ден. Покрај родителите, и наставниците треба да се грижат за безбедноста на децата и на младите додека се на Интернет и треба да му помогнат на ученикот кој имал проблем или непријатно доживување од контакт на Интернет.

Во текот на 2011 година Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ на својот профил беше контактирана од извесно лице кое побара совет и информации за заштита на малолетните лица од злоупотреба на Интернет. Имено лицето не информираше дека на Интернет-порталот ХУЗ во делот на неодобрени содржини често може да се забележат објавени фотографии од малолетни лица со текст содржини кои се користат за меѓусебно етикетирање, стигматизирање и навредување помеѓу малолетниците, и дека многу често ваквите содржини кои ја навредуваат детската личност се проследувани и на Феисбук. Преку објавувањето на овие фотографии јавно се повредуваат правата на децата-жртви на овој вид насилство и ,не ретко, тоа доведува до психичка вознемиреност и нарушување на емоционалниот развој на младите. Линковите со ваква содржина ги повредуваат чувствата на децата, нивните родители, старатели, а воедно можат да мотивираат други неморални лица да поставуваат вакви линкови со детска порнографија.
Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ веднаш по добиената информација за овој случај ги информираше Министерството за внатрешни работи – Скопје, Одделение за компјутерски криминал и Народниот правобранител, за детално разгледување на случајот и преземање на соодветни мерки и активности со цел за заштита на најдобрите интереси на децата.
По нашето обраќање Народниот правобранител нè извести дека писмено се обратил до Дирекцијата за заштита на личните податоци и во согласност со Законот за заштита на личните податоци и надлежностите на Дирекцијата да

бидат преземени мерки за заштита на малолетните лица со бришење на фотографиите, односно личните податоци објавени на Интернет-порталот и на содржините кои се однесуваат на малолетните лица.

## Мачење или друго сурово, нечовечно или понижувачко однесување или казнување

Препораката наведена во претходниот Алтернативен извештај како и бројни други укажувања за дислоцирање на Воспитно-поправниот дом - Тетово од Затворот Скопје се земени во предвид и ВПД е преместен во Велес, во просториите на поранешниот затвор, но според Народниот правобранител ефектот од дислокацијата не е постигнат, ако се имаат во предвид сместувачките услови.[29] Со сместувањето на малолетниците во установа во Велес во одреден дел се реши проблемот, но и понатаму останува обврската за зголемување на грижата во поглед на кадровско, техничко и организационо зајакнување на институцијата што се очекува да доведе до посоодветен третман и однос кон штитениците во оваа установа. Она што како ситуација се наметнува е и сконцентрираноста на институциите во Скопје и постоењето потешкотии во третманот на малолетниците кои доаѓаат од другите градови.

Според Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година се вели дека условите во Казненопоправниот дом во Тетово за рехабилитација на малолетници и понатаму серизоно загрижуваат и дека е потребен независен инспекциски механизам заради заштита од повреда на човековите права во затворите.[30]

### Од податоците на државните институции

Во добиената информација од Управата за извршување на санкции за можно телесно казнување во воспитно-поправни институции и наоди по истите се вели дека во Управата преку Народниот правобранител во периодот од јуни 2010 до јули 2011 година поднесени се три претставки за можно телесно казнување на малолетни штитеници во ВПД – Тетово. Две претставки се поднесени од родителите на штитениците, а едната лично од штитеник во домот. Сите три лица се од машки пол, сите се по националност Македонци, на возраст од дваесет, осумнаесет и седумнаесет години, двајца се од урбана, а

---

[29] http://ombudsman.mk/upload/documents/Izvestaj%202010-MK.pdf

[30] Европска комисија 2011: Извештај за напредокот на Република Македонија, 2011 год.; Работен документ на Комисијата, Брисел, 12.10.2011

http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/MK/PR_2011_mk.pdf

еден од рурална средина. Две претставки за телесно казнување се поради бегство, а една после вербална расправија со службено лице.

## Злоупотреба, запоставување и телесно казнување

Комитетот во своите заклучни согледувања ѝ препорача на државата-членка „да посвети особено внимание на забрана на секакво насилство врз децата, да даде приоритет на спречувањето, да се промовираат ненасилни вредности и подигнувањето на свеста... за да се осигура дека секое дете е заштитено од сите облици на физичко, сексуално и психичко насилство". Но, и покрај ваквите препораки кои доаѓаат од ова меѓународно тело, податоците од СОС-телефонот за деца и млади говорат дека насилството е во пораст.

### Насилство во воспитно-образовни институции и институционална злоупотреба

Според регистрираните дојави на СОС телефонот за деца и млади[31] во 2011 година најголем број дојави имало за можно насилството во воспитно-образовни институции со 18, 03 % или изразено во бројка 84 деца. Најголем процент, поточно 15 % од насилството во воспитно-образовни институции се поплаки за негрижа кон ученици од страна на наставниот кадар, а останатите се за физичко и психичко насилство наставник/ученик, како и физичко и психичко насилство ученик/ученик. Може да забележиме дека оваа година, за разлика од претходните, има поголем број на пријави за психичко насилство наставник/ученик отколку пријави за физичко насилство. Тоа најверојатно се должи на тоа дека децата и родителите го препознаваат и не го одобруваат психичкото насилство, а на тој начин превентивно делуваат да не прерасне во физичко насилство. Образовните институции потребно е да моделираат средина на ненасилно однесување, а наставниот кадар треба да негува емпатија и вештини за мирно решавање на споровите. Насилството во воспитно-образовните институции е во пораст и ова е доволен показател дека треба да се преземат одредени мерки и да се врши постојана контрола и надзор врз работата на образовните институции од страна на надлежните институции.

Исто толку е висок и процентот на пријавите кои се однесуваат на институционалната злоупотреба - 18, 03 %. Поточно, проблеми во утврдувањето на надлежност и одговорност меѓу државните институции, ненавремено

[31] Извештај за 2011 година на СОС телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот Меѓаши http://childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/SOS_izvestaj_za_2011god.pdf

реагирање, непочитување на детското мислење во постапки кои се од значење за децата, дополнително жртвување и стигматизација на деца кои веќе биле жртви.

**Насилство во училиште**

Во текот на 2011 година беше особено изразено насилството меѓу средношколската младина. МВР има регистрирано вкупно 128 инциденти, најмногу на подрачјето на Скопје - 64 случаи, потоа 20 случаи на подрачјето на Охрид, 18 во Тетово, 17 на подрачјето на Битола. Инциденти кои најчесто се манифестирале биле со употреба на физичка сила - во 106 случаи, а во два случаи средношколците во меѓусебните пресметки употребиле огнено оружје и двајца ученици биле убиени (во средно училиште во Скопје и во центарот на Тетово).[32]

Во училиштата се поставени агенции за обезбедување кои треба да се грижат за безбедноста на учениците во училиштето. Сведоци сме на сѐ поголем број на инциденти меѓу младите кои се случуваат надвор од училиштата, па дури и на неколку метри од училишниот двор каде агенциите не можат, немаат ингеренции и не ги заштитуваат децата. Тоа укажува на фактот дека треба да се работи многу подлабоко и посуштински за да се намали насилството меѓу младите. Поставувањето на обезбедување е само еден чекор, но не го решава проблемот.

Можеме да констатираме дека има отуството на програми и активности за негување и почитување на различностите за градење на толерантно и граѓанско општество. Потребно е да се изгради заедничка стратегија во која младите првенствено ќе учествуваат во нејзината подготовка што ќе биде гаранција дека ќе ја чувствуваат како нешто во кое тие земале активно учество и придонес при подготовката и ќе обезбеди поголема основа за нејзино почитување. Стратегија со конкретни активности кои ќе помогнат тие да се сплотат и да веруваат во заедничка иднина и заеднички вредности.

За жал, како општество повеќе ги евидентираме и констатираме случувањата отколку да делуваме превентиво и едукативно, како брана од можните последици за безбедноста и сугурноста на младите детски животи. Нашето опшетство не може да се справи со овие девијантни појави кај младите и се сведе на општество кое констатира бројки на деца-жртви на улично насилство, насилство во јавниот превоз или во училиштето.

[32] Министерство за внатрешни работи, Извештај за 2011 година во областа на ЈРМ, Достапен на: http://www.moi.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=10932&mid=1094&tabId=201&tabindex=0

Воведувањето на теми како конструктивно решавање на конфликтите, согледување на предрасудите и стереотипите и слично како дополнување на воспитно-образовните теми, се чекори кои треба да се преземат што значи треба да се работи во насока на превенција од насилство и нови можни судири. Потребно е да се работи многу повеќе на полето на превенцијата. Непреземањето доволно активности во школите е една од причините што не постои комуникација меѓу младите од различни етнички групи кои се оптоварени со предрасуди, а тоа често завршува со конфликтни ситуации, тепачки, навредувања..., а некои ,за жал, со уште потешки последици. Од друга страна, поставувајќи го мировното образование како составен дел на образованието, ќе резултира со намалување на насилствата во училиштата и зајакнување на капацитетите на наставниот кадар и учениците.

Во истражување спроведено од Детската амбасада „Меѓаши“,[33] анализата на податоците кои се однесуваат на податоците за облиците на насилства кои учениците ги виделе во своето училиште во однос на оние за кои слушнале, покажува дека 14 процентни поени повеќе наведуваат дека слушнале за физичко насилство (49%) во однос на физичко насилство кое го виделе (35%). Ваква разлика се воочува и во однос на 11 процентни поени повеќе дека слушнале за закана со оружје (20%) во однос на 9% кои виделе таков облик на насилство. И на трето место на оваа скала на разлики помеѓу насилствата за кои слушнале и насилствата  кои ги виделе, се однесува на групното физичко насилство. Анкетираните ученици за 6 процентни поени повеќе изјавиле дека слушнале за групно физичко насилство (24%), во однос на оние кои виделе такво насилство (18%).

Овие податоци покажуваат дека има три фокусни точки кои ја генерираат неповолната општа клима на односи помеѓу учениците:

- физичко насилство;
- групно насилство;
- закана со оружје.

[33] Прва детска амбасада во светот Меѓаши во соработка со БРИМА – Агенција за истражуванње на јавното мислење и пазарот спроведе анкета за проектот Мировно образование. Оваа анкета е спроведена од страна на волонтери на МЕЃАШИ – Прва детска амбасада во светот и спроведувањето на истата е обсервирано од страна на професионални тимови од БРИМА – Агенција за истражуванње на јавното мислење и пазарот. Анкетниот прашалник се состои од 21 прашање (јадро на прашалникот) и 7 демографски прашања. Анкетата е спроведена во период Ноември – Декември 2011 година и во ова истражување се обсервирани (анкетирани) 370 ученици од 5 средни училишта на територија на град Скопје. Од вкупно 370 ученици анкетирани се 179 машки и 191 женски ученици. Од вкупната бројка на обсервирани ученици 230 се Македонци, 109 се Албанци и 31 се од друга етничка националност. 302 од анкетираните ученици живеат во урбана средина, 65 во рурална средина и 3 одбиваат да кажат.

Ваквата структура на податоците покажува дека овие облици на насилство, исто така, се фактори кој влијаат на формирање на општа неповолна клима во училиштата како фактори од втор ред.

Според тоа може да се очекува дека најголем ефект во подобрување на општата клима во меѓуетничките односи во училиштата може да има само доколку значајно се намалат облиците на насилство чиј заеднички именител претставуваат различните форми на загрозување на личната сигурност на учениците во средните училишта.

**Табела 7**

| Каков вид на насилство си видел/а, слушнал/а во твоето училиште? | **Видел/а** | | **Слушнал/а** | | R (с – в) |
|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | % |
| Физичко насилство | 128 | 35% | 180 | 49% | **+14%** |
| Вербално насилство | 199 | 54% | 205 | 55% | **+1%** |
| Срамно и вулгарно однесување | 130 | 35% | 121 | 33% | **-2%** |
| Психичко насилство | 70 | 19% | 74 | 20% | **+4%** |
| Удирање шлаканица | 108 | 29% | 118 | 32% | **+3%** |
| Групно физичко насилство | 68 | 18% | 88 | 24% | **+6%** |
| Закана со оружје | 34 | 9% | 72 | 20% | **+11%** |
| Друго | 7 | 2% | 9 | 2% | **0%** |
| Нема насилство во училиштето | 68 | 18% | 53 | 14% | **-4%** |
| Одбива да оговори/без одговор | 8 | 2% | 7 | 2% | **0%** |
| **Вкупно** | **370** | **222%** | **370** | **251%** | **+29%** |

*R (с – в) Разлика во % помеѓу насилства за кој слушнал/ насилства што ги видел

Мерки за намалување на насилството меѓу младите во училиштата се преземаат и од страна на невладини организации. Така Центарот за граѓанска иницијатива од Прилеп има спроведено проект во кој се опфатени три општини:

Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Кривогаштани. Во општините се избрани 3 пилот-училишта каде што се создадени Комисии за советување на заедница (КСЗ) составени од членови на општинските образовни советници, локалното население претставено од страна на членови на училишните одбори на родители, членови на локалното граѓанско општество кои имаа улогата за преземање на акции за превенција на конфликти и нивно разрешување. Половина од испитаниците сметаат дека алкохолот и дрогата се главните причинители за појава на конфликт, додека другата половина од испитаниците сметаат дека за појава на конфликт придонесува социјалната нееднаквост.[34]

Според податоците од Совет за превентива од малолетничка деликвенција (ССПМД), во Кавадарци во пет училишта развиена е програма за обука на наставници за мировно образование, ненасилно разрешување на конфликти, толеранција и мултикултурна кохезија меѓу различните етнички и верски заедници. Оваа програма е дел од проектот Животни вештини.[35]

За да се надмине насилството во училиштата потребно е учениците да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки кои се однесуваат на нив. Правилата во училиштето треба тие сами да ги креираат за да можат и да ги почитуваат. Многу важен дел е и партнерскиот однос релација родител-педагошкопсихолошка служба.

## Семејно насилство

Секојдневно сè повеќе расте бројот на лица кои се жртви на семејно насилство, сериозен проблем кој не ја заобиколува и нашата земја како една табу-тема која тивко се провлекува низ многу семејства и низ многу детски животи кои товарот го носат и како возрасни. Тоа не е проблем кој ќе помине и избледи со текот на времето туку остава трајни последици доколку жртвата не добие адекватна психосоцијална поддршка и помош.

Според СОС телефонот за деца и млади[36] во 2011 година, од вкупниот број на дојави, 17, 61 % се однесуваат на семејно насилство каде како жртви се наоѓаат децата, или изразено во бројка тоа се 84 деца, од кои 39 се со

[34] Извор: Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп

[35] Извор: Совет за превентива од малолетничка деликвенција - Кавадарци

[36] Извештај за 2011 година на СОС телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот Меѓаши http://childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/SOS_izvestaj_za_2011god.pdf

недоволна грижа од родителите, 37 се изложени на физичко и психичко насилство, а 8 деца од пријавените се изложени на психичко насилство.

Според податоците на СОС линијата за деца и млади[37], од регистрираните дојави за можно семејно насилство во 2011 година, децата на возраст од 6 до 14 години се најмногу изложени на семејно насилство. Во однос на видот на насилството кое децата го трпат во семејството може да забележиме дека имаме најголем број на пријави за недоволна грижа и физичко насилство, а многу помал е процентот на пријави за психичко насилство. Тоа ни покажува дека во семејството сѐ уште се трпи и се молчи кога станува збор за психичко насилство.

Според податоците на Македонски Центар за Женски Права - Шелтер центар-Скопје во период од 01.08.2010 до 30.07.2011 вкупен број на деца жртви на семејно насилство кои се згрижени во шелтер центарот кој функционира во рамки на ова здружение се 26 деца, од кои 22 се од женски пол и 4 од машки пол. По етничка припадност, 20 се Роми и 6 се Македонци, на возраст од 5 до 10 години се 19 деца и на возраст од 10 до 18 години се 7 деца. [38]

Во сите општини беше нагласено дека е неопходно во секое училиште задолжително да има најмалку еден социјален работник кој би водел евиденција за секое дете посебно, односно да води социјална анамнеза, којшто проблемите ќе ги детектира на терен и ќе може да се обрати до надлежните институции за негово решавање. Доколку нема социјален работник, тоа да го прави педагогот или психологот во училиштето. Тоа би било од помош за да може редовно да се следи состојбата на учениците и веднаш да се интервенира секогаш кога ќе има потреба со цел да се спречат сите девијантни појави кои би можеле да се појават. Оттука произлезе дека училиштата треба да имаат постојана соработка со Центарот за социјални работи. Познавајќи ја економската ситуација, докулку не постои можност за вработување на социјален работник во секое училиште, тогаш да се овозможи барем вработување на еден социјален работник на ниво на општина каде би можеле да му се обраќаат училиштата во таа општина.

За подобрување на ваквата состојба на децата, Националната коалиција на НВОи препорачува:

---

[37] Извештај за 2011 година на СОС телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот Меѓаши http://childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/SOS_izvestaj_za_2011god.pdf

[38] Извор: Македонски центар за женски права - Шелтер центар-Скопје

- родителите треба да поминуваат квалитетно време со своите деца при што ќе поразговараат со нив за сите проблеми со кои тие се соочуваат;

- строга селекција при изборот на кадрите кои треба да работат со децата, како и нивно континуирано доусовршување и контрола преку различни обуки и работилници;

- центрите за социјална работа потребно е да посветат поголемо внимание на работата на терен со што ќе вршат строг надзор врз семејствата во кои има нарушени семејни односи и со тоа ќе имаат директен увид во истите и поскоро ќе интервенираат;

- за да може превентивно да се делува, неопходно е ангажирање на социјални работници во училиштата кои во координација со останатиот стручен тим ќе утврдат одредени промени во однесувањето на учениците и ќе интервенираат во самите семејства;

- само преку подигнување на довербата во институциите децата ќе се охрабрат и ќе се поттикнат да го пријават насилството;

- за намалување на насилствата во училиштата, девијантното однесување кај учениците како и семејното насилство, потребно е да постои корелација помеѓу центрите за социјална работа, полициските станици, училиштата, родителите, како и Граѓанскиот сектор кој претставува поддршка и помош.

## СЕМЕЈНА СРЕДИНА И АЛТЕРНАТИВНА ГРИЖА

### Семејна средина

И во овој извештај можеме да го потенцираме проблемот со недоволниот број на згрижувачки семејства што го отежнува спроведувањето на политиката на деинституционализирање и развој на систем на згрижување во згрижувачко семејство, што придонесува голем број деца да останат во институциите, вклучувајќи и деца помлади од 3 години.

Во Република Македонија во центрите за социјална работа се евидентирани 165 згрижувачки семејства во кои се сместени 220 деца и околу 60 возрасни лица. Во моментов во Македонија има 1100 деца без родители и родителска грижа.[39]

[39] http://mtsp.gov.mk/?ItemID=4C693DFBE1F72E4FAFED766CAF7BDAD4

На одржаните работилници во општините, исто така, беше потенцирано дека алтернативната форма на грижа како што се згрижувачките семејства е многу важна, бидејќи на децата им се овозможуваат услови за примарна нега, внимание и грижа што ќе помогне да се изградат како одговорни личности во текот на животот. Во сите општини во кои беа одржани работилници беше нотирано дека бројот на вакви семејства е незначителен, а особено е мал бројот на семејства кои згрижуваат деца со посебни потреби. Во Општина Битола беше посочено дека е направена кампања за промовирање на згрижувањето на деца, но сепак бројот на вакви семејства не се зголемува. Регистрирани се неколку згрижувачки семејства. Како потреба воедно се истакна и специјализирање на постојните и идните згрижувачки семејства и нивно едуцирање за грижа на деца со посебни потреби во зависност од потребите на целната група. Меѓутоа во отсуство на вакви згрижувачки семејства, децата до 3 години се згрижуваат во Домот за доенчиња во Битола, а децата над 3 години во Скопје.

Но, она што сметаме дека е битно е тоа што итно треба да се воведат дополнителни мотивациони мерки за овие семејства, затоа што во спротивно ќе биде доведен во прашање процесот на деинституционализација и гарантирање дека децата помлади од 3 години не се сместуваат во институции што е една од препораките на Комитетот и составен дел од Упатствата за алтернативно згрижување на деца[40], затоа што згрижувачите грижејќи се за децата нема да можат да работат, немаат здравствено осигурување, а реално им се потребни и поголеми финансиски средства од оние што ги добиваат од државата. Затоа како заклучок произлезе дека би било добро на згрижувачите да им тече стаж и да добиваат поголеми финансиски средства, затоа што згрижиле дете, како би се влијаело на зголемување на бројот на згрижувачките семејства. Во меѓувреме Владата на Република Македонија преку измени на Законот за социјална заштита осигура можност за згрижувачите да добијат право на паричен надоместок во вид на пензија во висина од 8 000 денари по навршувањето на 62-годишна возраст. Правото ќе може да го остварат доколку не остваруваат право на пензија по друг основ и ако функцијата згрижувач ја вршеле најмалку 10 години со прекини без нивна вина во периодот од 18 до 62 години или, пак непрекинато пет години пред наполнување на 62 години.[41] Оваа мерка преземена од страна на државата е за поздравување и се надеваме

[40] http://www.unicef.org/french/videoaudio/PDFs/100407-UNGA-Res-64-142.en.pdf, str.5 br.21

[41] http://mtsp.gov.mk/?ItemID=4C693DFBE1F72E4FAFED766CAF7BDAD4

дека во иднина ќе има поголем број на згрижувачки семејства кои ќе може да одговорат на потребите за згрижување на деца.

И понатаму се потврдува состојбата за недоволна екипираност на центрите за социјална работа. Работата на терен е дефицитарна во однос на потребите и нема доволно време за систематска работа и следење на семејствата кои се во ризик со цел да се работи на превенција. Генерално може да се заклучи дека нема превентивни служби во Република Македонија кои би ги следеле семејствата во ризик со цел на време да се заштитат одредени прекршувања на детските права.

**Препораки за подобрување на системот за заштита на децата во ризик:**

- поголема присутност на социјалните работници на терен;
- јакнење на превентивните сервиси за семејставта во ризик.

## Одземање на родителското право/згрижувачки семејства

Недоволниот број на згрижувачки семејства честопати во многу ситуации не дава можност да биде одземено родителското право, затоа што нема каде да бидат сместени децата и затоа се случува децата да бидат повторно враќани назад во семејството каде што биле жртви на насилство. Исто така, пред да се одземе родителското право се преземаат низа мерки, се работи со родителите и на крај, доколку нема друг избор се одзема родителското право и се сместуваат децата во згрижувачки семејства.

Во поголем број на случаи одземањето на родителското право е задоцнета мерка откако ќе настанат тешки трауми во животот на детето, смрт или силување. Затоа препорачуваме пред да се одземе родителското право, ЦСР да имаат засилен и строг надзор на остварување на квалитетно родителство како превентивна мерка во заштита на безбедноста и сигурноста на децата.

**Препораки:**

- постоење соодветни програми за едукација и информирање на овие семејства, како и обука за да можат да згрижуваат деца со посебни потреби;

- сензибилизација на згрижувачите за згрижување на деца од различна етничка припадност од нивната

### Исплата на издршка

Според информациите добиени од Заводот за социјална дејност, не е основан фонд од страна на државата за исплата на издршка, иако имало предлози од пред 2 години. Според Законот за семејството, алиментацијата е обврска што родителите се должни да ја плаќаат до крајот на школувањето на детето, но најдоцна до 26 години. Висината на издршката Судот ја одредува во зависност од платата, имотната состојба, но и според начинот на кој живееле децата додека нивните родители биле во брак.

Доколку станува збор за неимотни родители, а притоа детето има остварено емоционална врска барем со еден од двата родители, за да не се одземе детето од овие економско обесправени семејства, предлагаме, бидејќи вториот родител и да сака не може да ја плати алиментацијата, да се формира фонд за деца чии родители се развеле, и алиментацијата која ја имал едниот родител како обврска да ја плаќа кон другиот родител да се компензира од фондот. Според Кривичниот законик тој што не плаќа за издршка на децата целосно или делумно, прави кривично дело и се казнува парично или со затвор до една година.

Државата сѐ уште ги нема ратификувано Хашките конвенции бр. 23 за признавање и извршување одлуки што се однесуваат на заостанатите обврски за издршка[42], бр. 24 за применливото право за обврските за издршка[43] и бр. 34 за јурисдикција, применливо право, признавање, спроведување и соработка во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата.[44] И понатаму останува обврската за нивно ратификување.

[42] http://www.hcch.net/index_en.php?act=conventions.text&cid=85

[43] http://www.hcch.net/index_en.php?act=conventions.text&cid=86

[44] http://www.hcch.net/index_en.php?act=conventions.text&cid=70

## Посвојување

Во сите општини кои ги посетивме една од темите на дискусија беше и електронското посвојување, односно електронски начин на одлучување за тоа кои брачни парови најмногу ги исполнуваат условите. Беа презентирани како позитивните така и негативните страни на овој начин на посвојување. Исто така, како проблем се истакна и фактот што бројот на деца кои се посвојуваат со лесна или тешка ментална попреченост е многу мал. Најчесто брачните другари не се заинтересирани да посвојат деца со посебни потреби.

Согласно со Законот за семејство -Пречистен текст (Службен весник на Р Македонија бр. 83/04) посвоител по правило може да биде државјанин на Р Македонија, а по исклучок како посвоител може да се јави и лице кое е странски државјанин, што значи се дава приоритет на домашното посвојување. Посвојувањето од странски државјани може да се заснова само со согласност на Комисијата за засновање на посвојување, а по предлог на Центарот за социјална работа. Оваа согласност ќе се издаде само ако детето не може да биде посвоено на територијата на Р Македонија. Државата ја има ратификувано Хашката конвенција за меѓународно посвојување, а Република Македонија има потпишано билатерален договор со Република Словенија за меѓународно посвојување.

# ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

## Деца со посебни потреби

Забелешката на Комитетот дека постојат недостатоци во образовните, социјалните и здравствените услуги за децата со посебни потреби се потврдуваат и во овој извештај. Децата со посебни потреби и натаму се дискриминирани во сите сегменти на општественото живеење. Она што се истакнува како проблем е и непостоењето на национална евиденција на деца со посебни потреби, што е основа за преземање на понатамошни чекори во помош и поддршка како на овие деца така и на нивните родители/старатели. Без ваков вид на евиденција која ќе даде една погенерална насока се доведува во прашање целисходноста на останатите мерки кои се преземаат. Она што е суштински проблем и што е неопходно за да им се овозможат сите потребни услови на децата со посебни потреби е системско решение.

**Децата со посебни потреби во образование; Застапеност и структура на учениците со посебни образовни потреби**

Според истражувањето „Примена на асистивната информатичка технологија во основните училишта во Република Македонија - тековна состојба и потреби“ кое во 2011 година го има направено организацијата членка на НВО Коалицијата „Отворете ги прозорците“[45], во просек, според сумираните податоци, во секое училиште настава следел 10, 4 ученици со посебни образовни потреби. Ако се земат во предвид исклучиво училиштата во кои имало ученици со посебни образовни потреби, овој просек е 12, 4.Во учебната 2009/2010 година, ученици со посебни образовни потреби учеле во 83, 6% од основните училишта, т.е. во 199 од вкупно 238 училишта кои доставиле одговор. Во 16,4% од училиштата (39) немало деца со посебни образовни потреби помеѓу нивните училишта.

Во однос на структурата на учениците со посебни образовни потреби, добиени се индикативни податоци во поглед на: полот, вклученоста во оддленска или предметна настава и типот на попреченост. Во однос на половата структура 57, 5% од учениците со посебни образовни потреби се момчиња и 38, 2% се девојчиња. За 4, 3% од овие ученици нема податок.[46]

Одделенска настава (1-5 одделение) посетуваат 54% од учениците со ПОП, додека 43, 9% се вклучени во предметна настава (6-9 одделение). Нема податок за 2, 1% од овие ученици.[47]

Од обработката на добиени податоци за типот на интелектуална попреченост произлегува дека најголем број од нив се ученици со интелектуална попреченост - 35, 3% и ученици со потешкотии во учењето - 34, 4%. Најмалку, пак се застапени ученици со аутизам - само 1, 3% од сите ученици со пореченост во редовното образование.[48]

Според истражувањето на „Отворете ги прозорците“пристапноста до основните училишта за учениците со посебни образовни потреби во физичка смисла изнесува: пристапна рампа на влезот имале 18,9% од училиштата (45 на број); прилагодувања на внатрешните простории (училница, тоалети и сл.), со

[45]„Отворете ги прозорците“, Скопје, март 2011 година; Целиот извештај е достапен на: http://makedonski.openthewindows.org/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=32&Itemid=70

[46] Исто

[47] Исто

[48] Исто

цел да излезат во пресрет на потребите на учениците со посебни образовни потреби направиле 10,9% од училиштата (26); ниту едно училиште не располагало со внатрешен лифт. И податоците од ССПМД потврдуваатт слични заклучоци. Само две училишта во Кавадарци делумно овозможуваат физичка пристапност (рампа, приглагодување на ватрешните простории, тоалети, учлници..) за децата со посебни образовни потреби.[49]

Забележливо е дека училиштата од скопскиот регион нуделе повисок степен на физичка пристапност во однос на училиштата од другите региони во државата: - пристапна рампа на влезот имаат 30, 3% училишта (20 од вкупно 66 училишта од скопскиот регион што одговориле на прашалникот); прилагодувања на внатрешните простории направиле 15,5% од училиштата (10).[50]

Со цел да да го олеснат вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во наставниот процес, училиштата спроведувале различни мерки како: стручниот тим обезбедува поддршка за наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби во 56,7% од училиштата (135); наставниците изработуваат индивидуални образовни планови за овие ученици во 34,5% од училиштата (82); посебни (прилагодени) дидактички средства набавиле 5% од училиштата (12). Други спомнати мерки се: била обезбедена обука за училишниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби (9 училишта), соработувале со Заводот за ментално здравје (5) итн., 17,2% од училиштата (вкупно 41) одговориле дека не спровеле ниту една мерка за олеснување на вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби.[51]

Во однос на користењето компјутери од страна на учениците со посебни образовни потреби, помалку од половина (40,8%) од училиштата се изјасниле дека нивните ученици со посебни образовни потреби користат компјутер како и сите останати ученици. Во делот оставен за коментари, 28 училишта (или 11,8%) директно навеле дека тие ученици не можеле да ја користат стандардната компјутерска опрема дистрибуирана во училиштата.[52] Според податоците од ССПМД во Кавадарци нема обезбедено посебни дидактички средсва кои им се потребни на учениците со посебни образовни потреби за непречно да ја следат наставата.

---

[49] Извор: Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци

[50] Исто

[51] Исто

[52] Исто

Треба да се истакне дека значаен дел од одговорите биле дека учениците со посебни образовни потреби не користат компјутер, а се дадени од истите училишта кои не користат компјутер во наставата воопшто. Оттука овој наод не треба да се сфати во смисла на тоа дека учениците со посебни образовни потреби не го користат компјутерот исклучиво поради својата попреченост.

**Табела:** Користење компјутери од страна на учениците со посебни образовни потреби[53]

| **Користење компјутери од страна на учениците со посебни образовни потреби** | **Број на училишта** | **%** |
|---|---|---|
| Користат компјутери како и сите останати ученици | 97 | 40,8% |
| Само дел од учениците со посебни образовни потреби можат да користат компјутер | 42 | 17,6% |
| Учениците со посебни образовни потреби не користат компјутер | 54 | 22,7% |
| Нема податок | 45 | 18,9% |
| Вкупно: | 238 | 100% |

Во сите општини кои беа вклучени во активностите како недостаток беше истакнат недоволниот број на дефектолози кои се вработени во училиштата за да работат со овие деца така што зголемувањето на бројот на дефектолози ќе овозможи поцелосна/поквалитетна инклузија на децата со посебни потреби во редовниот образовен систем, во рамките на интегрираните и специјалните паралелки. Во некои од училиштата во редовните паралелки каде се вклучени деца со посебни потреби, поради немањето стручни лица, т.е. дефектолог за работа со нив, тие не само што имаат потешкотии туку и воопшто не напредуваат.

На дел од работилниците беше наведено дека родителите/старателите на децата кои имаат посебни потреби многу често ги запишуваат децата во редовна градинка без да ги информираат вработените во градинката дека децата се со посебни потреби. Најчесто тоа го прават поради срам и со цел да ги заштитат своите деца од другите. Но, работејќи со тие деца, со текот на времето, воспитувачките и педагогот откриваат дека постои определена

[53] „Отворете ги прозорците“, Скопје, март 2011 година; Целиот извештај е достапен на: http://makedonski.openthewindows.org/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=32&Itemid=70

разлика меѓу нив и другите деца. Доколку се прашаат родителите во врска со ова, тие негираат. Родителите избегнуваат да донесат документација со која би го потврдиле тоа. Родителите/стартелите несакајќи да извршат категоризација на децата прават дискриминација, затоа што не ги вклучуваат во образование и прават социјална есклузија.

Институциите кои вршат категоризација треба да се поведат од најдобриот интерес за детето и сите категоризации да ги даваат во согласност со психофизичкиот развој за да не се виктимизира, а притоа дефектологот треба да го следи неговиот раст и развој во редовното улилиште и во специјалните паралелки и доколку утврди дека некое дете, ако е во редовна настава и има потешкоотии во неговиот психофизички развој, да биде сместено во специјална паралелка и обратно.

Од работилниците во општините ни беше посочено како проблем тоа што откако овие деца ќе завршат основно образование, нема соодветно средно училиште во општината каде би го продолжиле школувањето. Нивните родители не се нафаќаат да ги праќаат во училиште во друг град, бидејќи немаат услови за тоа. Исто така, беше напоменато и дека е многу тешко за овие родители да работат, бидејќи треба постојано да бидат со нивните деца, па тие предложија да се овозможи да добиваат посебен паричен надомест за родителите на овие деца. Во дел од општините нема интернат за деца со посебни потреби.

**Систем на социјална заштита**

Нема сразмерност во однос на социјалната поддршка која ја дава државата за поддршка на семејствата на децата со посебни потреби. Така дете со пречки во развојот кое е во биолошкото семејство има право на надомест за нега од трето лице која е речиси за половина помала од поддршката која ја добива згрижувачко семејство кое згрижува дете со посебни потреби.

На СОС-линијата имаме повик од мајка на дете со посебни потреби, поточно дете болно од церебрална парализа. Воедно мајката нè информираше дека е и претставник на родителите на деца со посебни потреби од Охрид. Таа го нагласува фактот дека грижата и заштитата на овие деца е голем проблем во нашата земја. Таа, како родител на дете со посебни потреби, мора постојано да се грижи за него, поточно 24 часа да биде покрај него, за што има и препорака од првостепена комисија.

Поради тоа родителите на овие деца не се во можност да работат, а нивните бенефиции од страна на државата се мали. Поради тоа мајката нагласува дека е потребно да бидат донесени одредени законски решенија со кои ќе овозможи поголема поддршка на родителите/старателите кои имаат деца со посебни потреби, а децата да бидат посетувани од стручно лице за да може да им се пружи стручна помош и поддршка во секое поле, со цел полесно да се вклопат и интегрираат во секојдневниот живот и да бидат среќни и исполнети.

**Препораки:**

- решавање на статусот на привремено ангажираните лица во дневните центри за деца со посебни потреби;
- национална евиденција на децата со посебни потреби;
- вработување на дефектолози во сите училишта;
- опремување на училиштата со дидактички средства неопходни за непречено одвивање на наставата на децата со посебни потреби;
- сензибилизирање на учениците, наставниците и родителите за потребите на децата со посебни потреби;
- задолжителна и соодветна категоризација на децата со посебни потреби.

## Здравје и здравствени услуги

Според податоците добиени од Министерството за здравство морталитетот на новороденчињата од ромска националност во 2010 година е намалена во однос на минатите години и изнесува 7, 6 на 1000 живородени деца. Во 2009 година изнесува 13,1/1000, а во 2008 год. 12,8/1000. Морталитетот на новороденчињата од ромска националност во 2010 год. изнесува 7, 6 на 1000 живородени, а просечната стапка на доенска смртност во Република Македонија за сите етникуми изнесува, исто така, 7, 6 на 1000 живородени.

Во делот на здравствените услуги на ниво на примарната здравствена заштита (кај матичен лекар) здравствените услуги се бесплатни за сите

категории и возрасни групи, и за нив граѓаните не плаќаат партиципација. Воедно, според Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита при одделни заболувања на граѓаните во Република Македонија, им се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита на секундарно и терциерно ниво на родилките и доенчињата до 1-годишна возраст за следниве здравствени услуги:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување);
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња;
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња;
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови.

И покрај тоа што дел од услугите се бесплатни, она што го имаме идентификувано во секојдневната работа е тоа што за значителен дел од здравствените услуги во секундарното и терциерното здравство потребно е да се партиципира, што е особено тешко за семејствата кои се наоѓаат во тешка социјална положба.

## Доење

Министерството за здравство носи годишна превентивна програма - ,,Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца" која се однесува на доменот на безбедното мајчинство. Целта на програмата е континуирано обезбедување на ефективни и ефикасни превентивни здравствени услуги на децата и жените во репродуктивниот период; зголемување на достапноста и унапредување на квалитетот на превентивните здравствени услуги; зајакнување на капацитетите на здравствените работници за унапредување на квалитетот на нивната работа во насока на подобри и подостапни превентивни здравствени услуги; зајакнување на капацитетите на семејствата и поддршка на родителите во унапреување на здравјето, растот и развојот кај малите деца. Извршители на активностите се: Заводот за здравствена заштита на мајки и деца - Здравствен дом на Скопје, ГАК (гениколошко-акушерска клиника), Клиника за детски болести - Скопје, превентивните тимови и патронажната служба.

Во текот на 2010 година се одржани пет семинари наменети за патронажни сестри на тема: ,,Подигање на капацитетите на патронажната служба за пружање на услуги во областа на безбедното мајчинство и здравјето на заедницата", на кои како партиципанти беа опфатени сите патронажни

сестри од државата (314 сестри). Изготвени се брошури за доење и комплементирана исхрана наменети за родители. Изготвен е Прирачник за патронажни сестри за работа со бремени жени. Спроведени се едукации на родители во градинки и во рурални средини. Воедно е спроведена и медиумска кампања по повод на Неделата на имунизација.

Податоците од Лајфстарт Битола[54], кои ги имаат добиено од ЈЗУ Здравствен Дом- Битола (превентивна здравствена заштита на деца од 0 до 6 години) и се однесуваат само за Битола и нејзините општини покажуваат:

| | 2007 година | 2008 година | 2009 година | 2010 година |
|---|---|---|---|---|
| Новородени бебиња | 1019 | 1047 | 1094 | 1070 |
| Доени до 3 месеци | 600 | 602 | 668 | 841 |
| Доени до 6 месеци | 225 | 268 | 362 | 612 |

## Ментално здравје

Службата за развој на ментално здравје кај деца и адолесценти функционира во рамките на ЈЗУ „Здавствен дом“ Скопје. А во рамките на ЈЗУ „Психијатриската болница“ - Демир Хисар функционира одделение за третман на психози и неурози кај адолесценти (лица од 14 - 18-годишна возраст). Ова одделение ги згрижува ретките случаеви на појава на психотични и невротични адолесцентни пациенти од територијата на целата држава. За пратење, согледување и санирање на проблемите во менталниот развој кај децата (пациенти од 14 - 18-годишна возраст) главна улога има Универзитетската клиника за детски болести.

## Здравје на адолесценти

Податоците на Хера кои се однесуваат на дадени услуги во двата Младински центри за сексуално и репродуктивно здравје “Сакам да знам” говорат дека бројот на лицата кои биле опфатени со услуга/информација во однос на сексуалното и репродуктивно здравје и права, во чиј домен влегува и темата ХИВ/СИДА, во 2010 година изнесува 7 294. Од овие личности, 4 010 биле женски, а останатите машки. Во рурална средина живееле 372 личности, а

[54] Извор: НВО Лајфстарт - Битола

останатите 6 922 живееле во урбана средина. Според националната припадност, 563 лица потекнувале од ромската популација, 6 395 од македонската, 168 од албанската и 208 од другите етнички заедници во државата. Во 2011 година, пак услуги од овој тип побарале 749 лица, од кои 411 женски и 316 машки. Оваа година сите лица доаѓале од урбана средина. На ромската етничка заедница припаѓале 170 лица, на македонската 563, на албанската 6 и на други етнички групи 6.[55]

Дел од услугите што се нудат во овие центри се однесуваат на имунизацијата на децата на улица и преглед од училиштен лекар. Во 2010 година во овие центри се имунизирани вкупно 86 лица, од кои 42 машки и 44 женски. Сите имунизирани деца потекнуваат од урбана средина. Според националната припадност, 84 лица припаѓаат на ромската популација, 1 лице на албанската и 1 на друга етничка група. Во 2011 година, пак биле имунизирани 52 лица, од кои 29 машки и 23 женски. Сите лица кои [56]биле имунизирани се од ромска националност и живеат во урбана средина.

Втората услуга е преглед од училиштен лекар. Во 2010 година биле прегледани 20 деца. Од нив, 5 биле машки, а 15 женски. Сите живеат во урбана средина. Според етничката група од која доаѓаат, 19 лица биле Роми, а 1 Албанец. Во 2011 година, за преглед кај училишниот лекар се пријавиле 52 лица. Сите биле припадници на ромската етничка заедница и доаѓаат од урбана средина.[57]

Според податоците кои доаѓаат од ССПМД програма за репрудуктивно здравје е развиена во две училишта во Кавадарци, како дел од проектот Животни вештини.[58] И искуството на ХОПС говори дека Предметот сексуално и репродуктивно здравје е дел од програмата за Животни вештини.[59]

**Препораки:**

---

[55] Наведените податоци се од „ХЕРА“ и се однесуваат на дадени услуги во двата Младински центри за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам” на Здружението „ХЕРА“. Едниот центар е лоциран во Општина Центар (амбуланта Водно), а вториот во Општина Шуто Оризари (амбуланта Шуто Оризари). Овие податоци се добиени преку давање на следните улуги: гинеколошки, дерматолошки, советување ( социјален работник, педагог, психолог), едукации (социјален работник, педагог, психолог) и како и врснички едукации. Врсничките едукации се спроведувани не само во Младинските центри туку и на целата територија на Републиката.

[56] Исто

[57] Исто

[58] Извор: Совет за превентива од малолетничка деликвенција – Кавадарци

[59] Извор: Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје

- воведување на сеопфатно образование за репродуктивно здравје во основните и средните училишта со цел сите млади да имаат пристап до информациите за сексуалното и репродуткивно здравје, вклучително и ХИВ/СИДА;

- локалните самоуправи во своите годишни буџети да вклучат активности за информирање на младите за прашањата поврзани со сексуалното и репродуткивно здравје, вклучително и ХИВ/СИДА;

- вклучување на здруженија како директни корисници на превентивните програми за ХИВ/СИДА на Министерството за здравство за спроведување на здравствено промотивни активности за ХИВ/СИДА помеѓу младите;

- подобрување на координацијата помеѓу центрите за јавно здравје и центрите за социјална работа, заради поголем опфат на децата коишто не се имунизирани или немаат извршено редовен систематски преглед од различни причини.

## Животен стандард

Детскиот додаток се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето и се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството. При поднесувањето на барање за остварување или продолжување на правото на детски додаток потребно е да се поднесат околу 20 документи со кои лицето кое аплицира за детски додаток треба да ги приложи.[60] Висината на детскиот додаток изнесува: за дете до 15 год. живот, односно додека е редовен ученик во основно училиште е 4,60% од просечната плата исплатена по вработен во Републиката во првата половина од претходната година, а за дете од 15 до 18 год. живот, односно додека е редовен ученик во средно училиште е 7,30% од просечната плата исплатена по вработен во Републиката во првата половина од претходната година.[61]

[60] http://uslugi.gov.mk/UslugaDetali.aspx?UslugaID=A65342CC1AD340EDA3D7EFA3C46DD848

[61] http://uslugi.gov.mk/UslugaOpis.aspx?UslugaID=a65342cc-1ad3-40ed-a3d7-efa3c46dd848

## ОБРАЗОВАНИЕ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

Милениумските развојни цели во делот на образованието кои треба да се реализираат до 2015 година се:

1. Да се зголеми раната детска грижа и едукација;

2. Да се обезбеди бесплатно и задолжително образование за сите;

3. Да се поттикнува учењето и животните вештини за младите луѓе и возрасните;

4. Да се зголеми писменоста (научното образование) кај возрасните за 50 %;

5. Да се постигне полова еднаквост до 2015 година;

6. Да се подобри квалитетот на образованието.

### Предучилишно образование - Вклученост во предучилишно образование

Податоците од Државниот завод за статистика во 2010 година говорат дека вкупниот број на деца во јавните установи за згрижување и воспитување на деца - детски градинки, изнесува 25 056 што претставува зголемување за 8, 2% во однос на 2010 година.[62]

Од работилницата во општина Битола дојдовме до информации дека во оваа општина е повисок процентот на деца кои редовно посетуват градинка во споредба со другите општини. Исто така, за оние семејства кои се во тешка социјална и финансиска состојба, семејства каде има самохран родител, или каде што едниот родител е во затвор, и семејства од ромска националност, е овозможено дел од децата од овие семејства бесплатно да посетуваат градинка, а се обезбедува и бесплатен превоз. Како заеднички заклучок се истакна потребата од задолжително предучилишно образование, со цел кај децата да се создаде навика за одење во училиште уште додека се мали, а со тоа ќе се влијае врз намалување на бројот на деца на улица, бројот на деца кои просат, како и ќе се делува превенитивно во заштита на децата од деликвентно однесување.

Според податоците на Лајфстарт од Битола, во Битола има 2 централни градинки со свои сопствени клонови. Тоа се „Мајски цвет“ со 7 клонови и „Естреја Овадија Мара“ со 8 клонови. Во контекст на објектите и институциите

[62] http://www.stat.gov.mk/pdf/2012/2.1.12.02.pdf

за едукација, згрижување и ран детски развој на деца од 0 до 6 години, во Битола постојат и 7 центри (игротеки) кои фунционираат во рурални средини каде што нема градинки или игротеки кои се потпомогнати од донатори, локалната заедница и општините. Исто така се спроведуваат и програми за работа со родители. Тоа се: Програма LifeStart- Растеме и учиме заедно и Прорамата за стандарди за рано учење и развој која што е наменета и за работа со деца и за работа со родители.[63]

Во Општина Чашка немаат предучилишни установи. Според анкетите што ги има спроведено Општината кај населението, утврдено е дека само 4 семејства сакаат да се отвори градинка. Причината за ова се претпоставува дека е невработеноста на поголем дел од жителите во оваа општина.

Во некои од општините бевме информирани дека постои интерес кај родителите/старателите за вклучување на децата во градинка, но предучилишните установи немаат капацитет да ги примат сите деца затоа што се соочуват со недостаток на простор, како и стручен кадар.

**Препораки:**

- едуцирање и поттикнување на родителите да ги вклучуваат децата во предучилишно образование;
- воведување на задолжително предучилишно образование;
- социјална поддршка од страна на државата за семејствата од тешка социјална структура за вклучување на децата во градинка.

## Основно и средно образование

Во Република Македонија во учебната 2010/11 имало вкупно 990 редовни основни училишта во кои биле запишани 204 439 ученици, 39 основни училишта за деца попречени во менталниот развој во кои учеле вкупно 858 деца, и по едно училиште за воспитно запуштени деца (18 ученици), училиште за деца со оштетен слух (72 ученици), училиште за деца со оштетен вид (38 ученици), училиште за телесно инвалидни деца (13 ученици) и училиште за деца со оштетен слух и говор (14 ученици).[64]

[63] Извор: НВО Лајфстарт - Битола

[64] Државен завод за статистика, Основни и средни училишта во Република Македонија, Скопје, јули 2011

Како прогрес кој може да се забележи е обезбедувањето на бесплатни учебници на учениците во основните и средните училишта како и бесплатен превоз на учениците и бесплатно сместување.  Буџетските распределби за образованието изнесуваат 3,8% од буџетот во 2011 година, што бележи минимално зголемување од 0,1 % во однос на 2010 година кога изнесува 3,7 од БДП во буџетот.

Што се однесува на вклучувањето на деца припадници на ромската популација во образовниот систем може да се констатира дека постои одреден напредок, но сепак постојат проблеми на кои треба да се работи. Според извештајот на ЕК „се подобри интеграцијата на Ромите во образовниот систем, со зголемена вклученост во средното и универзитетското образование“. [65]

## Квалитет на наставата

Во однос на степенот на примена на компјутерите во наставата во основните училишта во Македонија, три од четири основни училишта (или 74,3%) во земјава ги користеле компјутерите во наставниот процес. Од нив значително поголем дел (60,9%) располагале со специјализирани компјутерски лаборатории во кои се реализира наставата за дел од предметите, додека во 13,4% од училиштата наставата по поголемиот број предмети се реализирала со примена на компјутерите (во согласност со Владиниот проект „Компјутер за секое дете“). Значително повеќе училишта од градски средини користеле компјутери за реализација на наставата по сите наставни предмети (17,2% од градските училишта наспроти 9,8% од училиштата во село). Од друга страна, само 8,6% од училиштата во град воопшто не користеле компјутер во наставата, додека процентот на такви училишта од селски средини бил повеќе од двојно поголем – 18,9%. [66]

Во текот на одржувањето на работилниците во општините констатиравме доста проблеми со кои се соочува образовниот систем во Македонија како просторни проблеми, нередовно посетување на настава од страна на учениците, недоволно вработен кадар и сл. Во дел од општините беше посочено дека училиштата се соочуваат со проблем поврзан со нередовноста на учениците. Училиштата доставувале пријави за ученици кои повеќе од 30 дена не посетувале настава. Но и по пријавите учениците не се

[65] Извештај на ЕК

[66] Извор: „Отворете ги прозорците“, Скопје, март 2011 година, Целиот извештај е достапен на: http://makedonski.openthewindows.org/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=32&Itemid=70

вратиле во училиште. Многу често семејства заминуваат во странство поради финансиската состојба, но по неколку месеци се враќаат. Овие деца имаат испуштено многу од наставата, па така педагозите се соочуваат со проблем во запишувањето на децата. Имено, едно дете нема доволно предзнаења за трето одделение, но од друга страна, не може да се врати во прво. За таа цел училиштата бараат промени во законот, со што би постоело посебна програма за овие деца.

Во Општината Чаир беше истакнато дека некои од училиштата се соочуваат со просторни проблеми, односно имаат голем број на ученици, а немаат доволно простории, па се принудени наставата да ја организираат да се одвива во три смени. Поради големиот број на ученици во една паралелка се намалува и квалитетот на наставата.

Во текот на работилницата во дел од општините ни беа посочени и одредени проблеми со кои се соочуваат училиштата во текот на одвивањето на целодневната настава. Децата кои посетуваат целодневна настава треба да плаќаат за храна и поради тоа не е достапна за користење на ранливите групи на деца, затоа што најголем дел од нивните семејства не се во состојба да го надмират тоа. За таа цел целодневната настава треба да биде достапна и за овие деца кои би се згрижиле цел ден, а и би ги надминале потешкотиите со кои се соочуваат во учењето.

**Препораки:**

- организирање на наставата така што во едно одделение да учат максимум 25 ученици;
- целодневната настава треба да биде достапна и бесплатна за сите деца;
- поголема соработка меѓу училиштата, ЦСР, МО и МВР.

## Невклученост на децата во образование

Она што е особено значајно да се истакне е дека не се води официјална статистика за бројот на деца кои не се вклучени во образование, иако тоа е едно од основните права на сите деца и е задолжително за сите деца во Република Македонија. Неофицијалните бројки говорат дека бројот на деца кои не се вклучени во образование е околу 5% од вкупната популација на основношколска возраст. И покрај препораките на Комитетот да се официјализира бројката и да се води редовно статистика тоа сè уште не е направено. Овој системски недостаток за број на деца невклучени во

образование, проследен со подетални податоци за причините за невклученост, од која структура доаѓаат овие деца и слично, оневозможува преземање на квалитетни мерки за вклучување на  сите деца во училиште.

И покрај мерките кои се преземаат за намалување на бројот на деца на улица може да се наведе дека пристапот не е доволно конзистентен и стратешки. И понатаму законски е неизводливо деца на возраст од 9-15 години кои не се вклучени во редовно образование, истото да го посетуваат. Според Законот за основно образование границата за вклучување е 9 години, а за запишување во училиште за возрасни е 15 години. Потребна е итна измена и доплнување на законите што ќе овозможи вклучување на децата во образование без разклика на бројот на години кои ги имаат во моментот на запишување во училиште.

Препораки:

- измени и дополнувања на законската рамка со цел да се овозможи на деца кои го пропуштиле запишувањето во редовно училиште да може да се запишат во училиште пред навршување на 14 години.

## ПОСЕБНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### Деца кои бараат азил и деца-бегалци

Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2011 година се вели дека првата година од спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош помогнало во подобрувањето на пристапот до правда, но се нагласува дека само две граѓански организации можеле да се регистрираат како даватели на правна помош, а не е обезбедена правна помош за барателите на азил.[67]

Понатаму во Извештајот се вели дека во јуни 2011 година имало 1 554 бегалци и внатрешно раселени лица во државата, од кои монозинството биле Роми од Косово. Од нив само 24 се признати бегалци.

Бројот на внатрешно раселени лица се намали од 621 во 2009 година на 611 во 2010 година. Поголемиот број жалби поднесени од страна на ВРЛ против државата за штети причинети од конфликтот во 2001 година сѐ уште се во судска процедура.

[67] Извештај на Европската комисја за напредокот на Македонија

**Економска експлоатација**

Според Законот за работни односи[68] најниската старосна граница за вработување е 15 години. Во септември 2010 година со измени и дополнувања на Законот за работни односи беше направено допрецизирање и регулирање на делот за ангажирањето на лица помлади од 15 години и ангажирањето на лица од 15 до 18 години. Според Законот за работни односи с*е забранува работа на дете под 15-годишна возраст или дете кое не завршило задолжително образование, освен за работите кои со закон е утврдено дека може да ги работи, но не подолго од четири часа дневно.* Максималниот број на часови на работно време за младо лице на возраст под 16 години е 30 часа неделно, а за младо лице над 16 години е 37 часа и 45 минути неделно.

Но, иако постои законска регулација за забрана на вработување на лица помлади од 15 години, во Македонија е проблем тоа што има случаи каде што децата се вклучени во неформалната економија, односно така наречената работа на црно. Државата сè уште не успеала да се справи со оваа појава, иако презема мерки за намалување на истата и ставање под контрола преку спроведување на проекти и кампањи. Се врши едукација на младите и на професорите за нивно запознавање со основните права во работниот однос со што се очекува дека превентивно ќе се делува во насока на намалување на бројот на млади кои се работно ангажирани во сивата економија. Но, не смее да се премине преку фактот дека сепак има млади луѓе до 18 години кои се ангажирани, а дел од нив и принудени да работат на пазарите, на улиците за да заработат за преживување. Нема официјален податок за тоа колку деца се вклучени во сивата економија, односно на колку деца им се злоупотребува трудот.

Законот за работни односи дава можност дете кое е помладо од 15 години да биде вклучено во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности и за тоа да добие симболичен надомест, доколку тие активности по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието на децата. Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ смета дека за децата треба да биде приоритет образованието и овие дополнителни активности не смеат да претставуваат пречка за децата континуирано да посетуваат училиште и да го комплетираат своето основно и средно образование, кое според националното законодавство е задолжително и бесплатно за сите деца.

[68] Закон за работните односи (”Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11 и11/12)

Може да се забележи дека постои неконзистентност помеѓу Законот за работни односи и Законот за средно образование во делот од одредбите кои даваат можност за вработување со навршени 15 години и задолжителноста на средното образование кое завршува со навршени 18, односно 19 години. Тоа значи дека на некој начин се дава можност да се избере дали детето со навршени 15 години ќе заснова работен однос или ќе продолжи со редовно школување.

Ако децата се вклучени во спортски или рекреативни активности и ако добијат симболичен надомест, тоа не претставува работен однос, но никако на децата да не им се дава можност за вработување и државата да најде механизми како децата да го завршат училиштето, а притоа да не работат. Државата треба да се фокусира на обезбедување на социјални стимулации и стипендии за оваа структура на деца.

**Препораки:**

- усогласување на Законот за работни односи со Законот за средно образование во делот на засновање на работен однос на малолетници кои не го завршиле задолжителното средно образование;
- државата да најде механизми да овозможи социјални стимулации и стипендии за децата со цел да немаат потреба да засноваат редовен работен однос како извор на финасиски средства.

## Деца на улица

Проблемот на деца на улица во Република Македонија е сѐ уште актуелен. Министерството за труд и социјална политика развива стандарди и механизми за давање сеопфатен одговор на оваа појава. Според нивни проценки бројот на деца на улица е околу 1 000 деца и дека 95% од децата се од ромска популација.[69]

Министерството за труд и социјална политика започна акција за отстранување на децата од улица. Имаше информации за поднесени кривични и прекршочни пријави, но и оти во голем дел од случаите имало и организиран

[69] „Заштита на детето од економска експлоатација“ - Записник од презентациите од Годишната конференција на детските омбудсмани на Југоисточна Европа, 2011 година, стр.11

криминал во кој се злоупотребувала детската сила.[70] При акцијата на Министерството за труд и социјална политика во соработка со МВР во случаи каде е детектирана злоупотреба на детскиот труд се поднесени и кривични и прекршочни пријави до Основното јавно обвинителство за злоупотребувачите на детскиот труд.

Македонската национална коалиција на невладини организации ја поздравува акцијата која ја презема Владата на Република Македонија преку Минстерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи за отстранување на децата од улица со цел да се справи генерално со злоупотребата на детскиот труд вклучувајќи го и просењето како општествен и социјален проблем со кој се соочуваат и побогатите држави. Државата се обврзала со ратификација на Конвенцијата на МОТ за спречување на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд да се ангажира во исполнување на преземените обврски предвидени со Конвенција. Но, ние како Коалиција едноставно сакаме и мораме да укажеме дека привременото отстранување на децата од улица и нивно сместување во дневните центри за деца на улица е со привремен карактер.

За решавањето на овој повеќе децениски проблем треба посериозни и поголеми напори од институциите во неговото решавање. Имено, доколку за семејствата кои ги злоупотребуваат децата и нивниот труд не се обезбеди барем за едно лице вработување, покрив над главата и вклучување на овие деца во задолжителното основно образование, децата на улица ќе бидат и понатаму жртви на сиромаштијата и неписменоста. За сите деца на улица да се обезбеди топол оброк, обувки, облека, учебници и училиштен прибор. Министерството за труд и социјална политика да направи посериозни напори децата од улица од најмала возраст да ги вклучи во предучилишните установи.

Податоците до кои дојде Коалицијата говорат дека 87% од децата кои просат, нивните семејства не примаат социјална помош, бидејќи не се евидентирани. За да исполнат улови за добивање социјална помош потребно е да достават потврда дека немаат приход. Има случаи на семејства кои добиле парични средства по основ на донација како поддршка за тешката социјална положба во која се наоѓаат, и биле одбени при аплицирањето за помош со образложение дека имаат приходи. Потребни се измени и дополнување на Законот во кој ќе се наведе дека континуираниот приход на средства нема да дозволи социјалната помош од државата да биде доведена во прашање поради еднократна помош.

[70] http://vlada.mk/node/1350

Децата кои се на улица се жртви на своите родители и слабоста на системот. И во овој извештај може да се потврди констатацијата од петходниот дека центрите за социјална работа не се доволно присутни на терен, не вршат строг надзор врз однесувањето на родителите и не го одземаат навреме нивното родителско право. Во дневните центри децата се до 16 часот, а потоа повторно се на улица. Тие треба да се вклучени во воспитнообразовниот систем, а нивните родители да бидат под постојан мониторинг дали квалитетно го остваруваат родителското право.

**Препораки:**

- вработените од центрите за социјална работа треба да бидат повеќе присутни на терен;
- поддршка на родителите за поквалитетно остварување на родителското право;
- вклучување на децата на улица во редовен образовен систем;
- построги казни за злоупотребувачите на детскиот труд;
- еднократната помош на социјално загрозените семејства да не претставува пречка за оставрување право на социјална помош.

## Сексуална злоупотреба

Собранието на Република Македонија на 5 октомври 2010 година ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба.[71] Владата, исто така, усвои Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година, кој се очекува да придонесе за намалување и справување со последиците од оваа појава, преку подигање на свесноста, преземање на превентивни мерки, обезбедување на координирана и ефикасна заштита, помош, рехабилитација и реинтеграција на децата жртви на сексуална злоупотреба.[72] Воедно е усвоен и Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија.[73]

[71] www.pravda.gov.mk/download.asp?id=480

[72] Достапен на веб-страната на Министерството за труд и социјална политика http://mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96

Направено е истражување и анализа на состојбата со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија во Република Македонија.[74]

Сепак има случаи каде распит на деца жртви на сексуална злоупотреба не се врши во присуство на сите соодветни стручни лица. Сѐ уште нема прифатилиште за деца жртви на сексуална злупотреба и педофилија со цел да се заштити детето во првите 72 часа и да се започне со соодветна рехабилитација и ресоцијализација. Потребно е децата да бидат ставени во специјализирано прифатилиште за деца жртви на сексуална злоупотреба, кое ќе работи 24 часа. Децата жртви треба да добијат основни услови за закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција во заедницата. Престојот во ова прифатилиште треба да е од привремен карактер што значи дека треба да се развијат форми на специјални семејства за згрижување на овие деца.

Во Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ на СОС-телефонот за деца и млади во 2011 година се пријавени вкупно 10 случаи на сексуална злоупотреба и педофилија, што споредбено со 2010 година бележи намалување на бројот на пријавени случаи кога бројот на пријавени случаи бил 13. Меѓу нив добивме и пријави на случаи за прикажување на фотографии од деца и млади со сексуална содржина на Интернет. Најчести жртви на педофилијата се децата на возраст од 7-13 години, девојчињата се жртви во 70%, а момчињата во 30% од пријавените случаи, додека пак сторителот на делото најчесто е познаник или близок пријател на жртвата. Во еден од случаите била извршена злоупотреба од страна на малолетник врз малолетник.[75]

Донесен е Протокол за постапување во случаи на пријава на сексуална злоупотреба и педофилија; Подготвена е и ставена во употреба веб-страна за пријавување на случаи на сексулана злоупотреба на деца и педофилија. Она што можеме да го забележиме е дека при носењето на вака клучни документи не се консултирани сите членки на националното координативно тело за спроведување на Акциониот план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година, иако се акцентира сѐ

---

[73]Достапен на веб сајтот на МТСП:

http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/protokol_zloupotreba_deca.pdf

[74] http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/UNICEF_Sexual_Abuse_Study_MK_za_WEB%281%29.pdf

[75] http://childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/SOS_izvestaj_za_2011god.pdf

помасовна вклученост на сите фактори во спроведување на превентивните мерки и справувањето со сексуалната злоупотреба на децата.

**Препораки:**

- превентивни програми за заштита на децата од педофилијата и родоскврнавењето на национално ниво;
- едукација на децата како да препознаат и како да се заштитат од можни обиди за сексуална злоупотреба;
- потребна е дополнителна едукација за наставниците и родителите да ги препознаат специфичните знаци кога детето е жртва на сексуална злоупотреба;
- охрабрување на децата да ги пријавуваат обидите за сексуална злоупотреба како и обука во кој ќе бидат дадени насоки на децата што можат да сторат сами ако се најдат во опасна ситуација и со кого да разговараат за тоа;
- центрите за социјална работа мора да се присутни на терен и да имаат увид во сите дисфункционални и семејства во ризик и да вршат надзор над вршењето на родителското право. Притоа, секогаш кога е потребно мора да преземаат и мерки и да поведат постапка за привремено одземање на родителското право како мерка, сѐ додека односите во семејството не се доведат во релации што ќе им гарантираат на децата сигурност и заштита.
- педофилите што се во затвор, за направено кривично дело злоупотреба на деца треба да подлежат на долготрајна терапија и да се продолжи со следење на нивното поведение и по издржаната казна, затоа што неретко ги повторуваат делата;
- државата треба да обезбеди психијатриска терапија за децата-жртви најдоцна по 72 часа од чинот на секслуалната злоупотреба;
- децата што се жртви на родоскврнавење потребно е да бидат одделени од сторителот на делото, доколку во семејството нема можност за прифаќање на жртвата и не постои соодветна поддршка и прифаќање, детето треба да биде сместено во згрижувачко семејство, кое е посебно обучено за работа со деца-жртви на сексуална злоупотреба.

## Продажба, трговија и грабнување

Владата на Република Македонија донесе Акциски план за борба против трговија со деца (2009 – 2012) кој претставува изменета и дополнета верзија на првиот акциски план усвоен во 2006 година. Членот 418 г од Казнениот законик

на РМ се појави како одговор на зачестеноста како жртви на трговија со луѓе во Република Македонија да се јавуваат малолетни лица. Заради спречување на оваа тенденција, законодавецот се одлучи на вметнување на сосема нов член во Кривичниот законик, наместо да го регулира построго прашањето во веќе постоечкиот член 418 а – Трговија со луѓе. [76]

| | Став 1 | Став 2 | Став 3 |
|---|---|---|---|
| **418 г** | **7** | **5** | **3** |

**Табела:** Предмети по ставови за Трговија со малолетно лице во 2011 година[77]

Според истражување спроведено од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“, во периодот од септември 2009 до Април 2010 година, биле започнати два предмети пред Основен суд Скопје 1 за кривично дело трговија со малолетно лице. Во текот на ова истражување пак, утврдено е дека бројот на предмети кои се заведени како Трговија со малолетно лице е зголемен на 5. Иако во последните две истражувања се работи за периоди кои не соодветствуваат со календарските години, сепак, може да се заклучи дека органите на прогонот биле значително поефикасни во откривањето и процесуирањето на кривичните дела по членот Трговија со малолетно лице. [78]

---

[76] *Член 418-г – Трговија со малолетно лице*

*(1) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава,засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација,порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилнибракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.*

*(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана,со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години.*

*(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од малолетно лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.*

*(4) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.*

*(5) Ако делото од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години*

*(6) Согласноста на малолетното лице со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.*

*(7) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.*

*(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.*

[77] Извор: Коалиција „Сите за правично судење“

[78] Извор: Коалиција „Сите за правично судење“

Како околност која оди во прилог на тврдењето дека постојат кривични дела кои може да бидат квалификувани како Трговија со луѓе е непостоењето на предмети кои се однесуваат на присилната работа, како вид на трговија со луѓе. Имено, во текот на месец август 2011 година, засилена медиумска активност доби проблемот со просењето и извршувањето на определени работи од страна на малолетни лица, претежно од ромска етничка припадност по улиците во некои од градовите во Република Македонија. Доколку се имаат во предвид информациите кои излегуваат во јавноста, но сѐ уште се во форма на шпекулација, односно се непотврдени, дека тие малолетници се присилени да просат и работат, а материјалните средства кои ги добиваат им се одземаат од страна на некои организирани групи, се чини дека ваквите дејствија се поклопуваат со описот на кривичното дело Трговија со луѓе. Имено, ставот 1 во членот 418 а, покрај другото предвидува дека: *Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, .....заради експлоатација по пат на .......принудна работа или слугување..... ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.*[79]

Во таа насока потребно е органите на прогонот да се посветат дополнително на ваквите случаи и да се утврди дали навистина малолетни лица се присилени да извршуваат определени работи, од страна на организирана група, со цел да се здобие со противправна имотна корист.[80]

Огромен напредок во идентификувањето на сторителите и поведувањето кривична постапка се забележува во ова дело, каде што во 2009 и почетокот на 2010 година немаше ниту едно обвинето лице, за во првите 8 месеци од 2011 година да се водат постапки против 20 лица, во 5 кривични предмети.[81]

Во текот на 2011 година биле откриени пет дела на трговија со малолетно лице извршени од 28 сторители што во споредба со 2010 изгледа вака: откриени три дела извршени од страна на 12 сторители,[82] што може да се заклучи дека има пораст во делот на откриени случаи на трговија со малолетни лица во однос на 2010 година, а темната бројка на неоткриени случаи останува да биде отворено прашање. Во овие случаи идентификувани се осум жртви и тоа шест малолетни девојки, од кои една албанска државјанка и две полнолетни од кои една бугарска државјанка. Сторителите на овие дела во најголем број се од

[79] Исто

[80] Исто

[81] Исто

[82] Министерство за внатрешни работи, Годишен извештај во врска со проблематиката на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, Достапен на:

http://www.moi.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=10927&mid=1094&tabId=201&tabindex=0

Скопје - 16, потоа Гостивар - шест, Кичево - четири и по двајца од Охрид, Тетово и Куманово.[83]

Според МВР, во 2011 година во Република Македонија, застапена била и појавата на внатрешна трговија со малолетни лица, а значајни се откриените две криминални групи и тоа седум-члена организирана криминална група вршела сексуална експлоатација по пат на проституција на три малолетни девојки во изнајмен стан во Скопје, нудејќи ги жртвите на клиенти за сексуални услуги за паричен надомест од 1 500 до 3 000 денари и петчлена група чии членови ја злоупотребиле лошата состојба на малолетно немоќно лице, со лажно ветување и измама ја сместиле во куќа во Гостивар и со сериозна закана и употреба на физичка сила трудово и сексуално ја експлоатирале.[84]

И покрај вложените напори на повеќе клучни фактори, проблемот на трговија со луѓе сѐ уште е присутен. Македонија претставува транзит и дестинација земја за жртвите на трговијата со луѓе, но и земја на потекло. Информациите од различни извори укажуваат дека во последните неколку години се забележува зголемување на бројот на мкедонски државјанки сокои се тргувало во Македонија. Станува збор за т.н. ,,внатрешна” трговија со луѓе, каде што со македонски девојки, главно малолетни, се тргува од еден во друг крај на Македонија. Овој факт го потврдува и статистиката од прифатилиштето на Отворена порта за 2010 год. Имено од вкупно 9 сместени и асистирани сите биле малолетни лица и македонски државјаники. Старосната граница на жртвите рапидно е намалена, а се движи од 13 до 17 години.[85]

Овој тренд се задржува и во 2010 година каде моделот на регрутирање и искористување е скоро сличен во сите регистрирани случаи. Најчесто, дечкото или потенцијалниот партнер е регрутерот и медијаторот во преносот или продавањето на девојката од еден град во Македонија до друг. Во повеќето случаи трговијата е со цел сексуална експлоатација или принудна работа (во ресторани); принуда за вршење криминални дејствија како просење и слично; принуда за брак и нелегално посвојување. Зголемувањето на бројот на домашни жртви од трговија со луѓе е резултат на сиромаштијата и стапката на невработеност како и ниските социјални услови во државата. Следствено на ова, високата стапка на сите видови на насилство, особено семејното насилство,

[83] Исто

[84] Исто

[85] Извор: Отворена порта „Ла страда“

индиректно придонесува во зголемувањето на бројот на жртви од трговија со луѓе.[86]

Низ истиот период владините институции и невладините организации вложуваа големи напори во однос на превенцијата и намалување на сите форми на експлоатација, преку обезбедување на разновидни услуги.[87]

**Директна поддршка на жртви**

Во 2010 год. „Отворена порта" им пружи помош на 9 македонски државјанки - жртви на трговија со луѓе. Сите асистирани штитенички се малолетни и се тргувани на територија на Р Македонија, со цел сексуална експлоатација. На клиентките им беше пружена поддршка и обезбедена емоционална, медицинска и правна помош. Покрај краткорочната помош и безбедно враќање, фокусот на социјалната асистенција е насочен кон долгорочна програма за поддршка и социјална инклузија на тргуваните девојки.

Две од штитеничките повторно се вклучени во образовниот процес кој беше прекинат поради ситуацијата во која се наоѓаа. Две од штитеничките имаа потреба за болничко лекување на соодветна клиника за што „Отворена порта" се грижеше за нив и за време на нивното лекување ги покри трошоците направени во врска со лекувањето. Една од штитеничките по нејзиното лекување повторно се врати во прифатилиштето и се продолжи со работа за нејзина ресоцијализација. Сите штитенички имаат дадено изјави пред Истражен судија. За време на давањето исказ штитеничките беа придружувани од претставник од „Отворена порта" и правен полномошник од МТСП.[88]

На 28.1.2011 година, од страна на државата е отворено прифатилиште – Центар за деца жртви на трговија со луѓе во кој се сместуваат жртви на трговија со луѓе. Од отворањето на Центарот до декември 2011 година биле сместени 9 лица. [89]

---

[86] Исто

[87] Исто

[88] Исто

[89] Извештај за работата на Националната комисија за правата на децата во Република Македонија за спроведување на Националниот план за акција за правата на децата во РМ, Скопје, февруари 2012 година

Треба да се напомене дека во Република Македонија во изминатиот период имаше и неколку случаи на исчезнати деца за кои не треба да се исклучува можноста дека се жртви на трговија со деца и детски органи, а дека постои трговија со деца во регионов потврдуваат и податоците кои доаѓаат од надлежните органи.

Во 2008 год. Центарот за граѓанска иницијатива има направено Училишни клубови за превенција од трговија во училишта во општините Прилеп и Кривогаштани. Тие клубови функционираа со подготвување на училишни весници и други активности. Со претходните проектни активности тие организираа две јавни дебати, постери и налепници и организираа претстави со слоганот „СТОП за трговијата со луѓе“. ЦГИ сака да ја дополни сегашната работа во училишните клубови преку фокусирање на работата со децата и поттикнувајќи ги да станат ментори и креатори на нови училишни клубови за ширење на нивните превентивни иницијативи. Новите клубови се во Општините Прилеп и Долнени. Целта беше поддршка на децата во нивните превентивни активности во борбата против трговијата со луѓе со цел да влијаат на подигање на свеста во руралните и урбаните области во Пелагонискиот регион. Активностите се реализираат во ОУ „Мирче Ацев“ Долнени и ОУ „Манчу Матак“ Кривогаштани и во средните училишта Гимназија „Мирче Ацев“ – Прилеп и “Орде Чопела“ – Прилеп. За да се зголеми нивното знаење, се реализраат интерактивни часови со полициски инспектори во секој училиштен клуб. Училишните клубови направија кампања којашто ја прикажаа на крајот на проектот со Парада за зголемување на свеста во местата на живеење. Со активностите од овој проект беа обучени 385 деца, од кои 108 машки и 277 женски. Од 14 до 18 години беа вклучени 211 ученици, а на возраст од 11 и 12 години 174 ученици. Од учениците 277 се од урбана средина, а 174 се од рурална средина. Со овој проект беа опфатени и обучени околу 20 професори.[90]

## Линии за помош на деца и млади

Во рамките на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ веќе 19 години функционира бесплатната СОС-линија за деца и млади 0800 1 2222. СОС-линијата како служба од јавен интерес, неопходно е да биде достапна за сите деца и млади и нивните родители, поради што Комитетот за правата на детето при Обединетите нации од Женева, испрати препорака до Владата на Република Македонија за хармонизација на овој број со другите европски линии. Во својата препорака, Комитетот наведува: „Комитетот препорачува државата-членка да осигури континуитет и со одделување соодветни средства за бесплатна 24-часовна линија за помош, да го прошири нејзиниот

[90] Извор: Центар за граѓанска иницијатива

капацитет за примање повици од сите телефонски оператори, да ѝ го додели на линијата усогласениот шестцифрен европски број и да ја признае како извор на информации и податоци за политиките и законите за правата на детето и како алатка за рано интервенирање и спречување".

Со цел соодветно да се одговори на препораките на Комитетот и да се обезбеди 24 -часовна достапност на СОС -телфонот за деца и млади за сите деца во Република Македонија, Детската амбасада „Меѓаши" писмено се има обратено до Агенцијата за електоронска комуникација каде што побара согласно со член 15 од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија од 2009 година, користење на национален скратен број за услуги хармонизирани на европско ниво 116, односно 116 111. Сѐ уште е во тек комуникацијата со Агенцијата за електронски комуникации за постапката и начинот на добивање на овој број.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши се обрати и до Владата на Република Македонија и Националната Комисија за правата на детето, барајќи од нив поддршка во реализирањето на препораките добиени од страна на Комитетот.

## Систем на малолетничка правда

### Малолетничко правосудство како посебен систем

Со донесувањето на Законот за малолетничка правда за првпат малолетничкото правосудство се уреди како посебен систем. За ефективна имплементација на Законот за малолетничко правосудство е донесен Акционен план кој е во сила. Донесени се подзаконски акти и изработени се програми за специјализирана обука за сите вклучени институции.[91] Согласно Законот основан е и Национален совет за превенција на малолетничко престапништво кој на 7 декември 2010 год. ја донесе и Националната стратегија за превенција од малолетничко престапништво (2010-2020). Меѓутоа Државниот совет се соочува со проблеми поврзани со функционирањето кои се од административно-техничка и финансиска природа.[92]

### Степен на криминалитет

Што се однесува до кривичните дела извршени од малолетници, нивното учество во вкупниот криминал во периодот од 2001 до 2010 година во

[91] http://www.un.org.mk/files/pdfs/human-rights/documents-and-resources/state-reports-and-recommendations/univerzalen-periodicen-pregled/upr_odluka_on_sovet_cp_2009.pdf

[92] Излагање на претседателот на Државниот совет пред Собранието на РМ при претставување на Годишен извештај за работата на ДСПМП за 2010 година.

просек се движи од 14,7% до 21,7% годишно, а за обележување е што и покрај тоа што во 2010 година бројот на кривичните дела е најголем, учеството на малолетниците во извршувањето на кривичните дела е на најниско ниво и изнесува 14,7%.[93]

Во однос на структурата на извршените кривични дела најголемиот дел – 89% или 1 861 дело припаѓаат на кривични дела против имотот. По одделни подрачја, најголем број кривични дела малолетниците извршиле на подрачјето на СВР Скопје - 738, потоа СВР Штип - 277, СВР Тетово - 266, СВР Струмица -216, СВР Битола - 189, СВР Велес - 164, СВР Охрид - 161 и СВР Куманово - 123 кривични дела и ООК две кривични дела.[94]

Според МВР, една од основните карактеристики на малолетничкиот криминал е повторливоста, а потврда за истото е дека во 2010 година за извршените кривични дела се пријавени **3 415 (4 015)** малолетни сторители, од кои **2 974** или 87,1% се јавуваат како извршители на повеќе кривични дела. Од пријавените 3 415 малолетни сторители, 684 или 20% се на возраст до 14 години.

**Кадровска екипираност:** Во Извештајот на ЕК за напредокот на Македонија се констатира дека нема доволно специјализиран кадар за справување со малолетни жртви или малолетници во судир со законот. Исто така, е наведено дека полициските ќелии за притвор и воспитнопоправните центри не ги исполнуваат стандардите за администрација на малолетничка правда, особено во однос на вработување на психолози и социјални работници во судовите.

Воедно и за време на оджување на споменатите работилници, од Општината Ѓорче Петров ни беше потенцирано дека имаат потреба од инспектор за малолетничка деликвенција кој ќе работи на ниво на Општината, затоа што сега доколу е потребно присуство од инспектор за малолетничка деликвенција истиот треба да го повикаат од полициската станица во Општина Карпош што ја отежнува работата и бара време кое често пати е од големо значење.

**Заштита на деца-сведоци и деца - жртви на кривични дела**

[93] Извор: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, информација преземена на 16.1.2012 http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=392

[94] Извор: Минитерство за внатрешни работи, информација преземена на 17.1.2012 http://www.moi.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=9770&mid=1542&tabId=209&tabindex=

Во претходниот Алтернативен извештај една од препораките во областа на малолетничкото правосудство се однесуваше на бројот на изјави кои ги даваат децата. Согласно Законот за малолетничка правда предвидено е децата да даваат две, максимум три изјави, но ние и понатаму сметаме дека децата е доволно да даваат само една изјава во посебна специјализирана скрин-соба, во присуство на стручен тим (психолози, педагози, социјални работници, психијатри), каде што детето-жртва или сведок на кривично дело низ неформална атмосфера ќе даде информации што се важни за органите на кривично гонење и пресудување. Таа изјава ќе се користи понатаму во текот на целата судска постапка при докажување на вината на сторителот. Оваа препорака стои и во овој алтернативерн извештај, затоа што законските одредби сѐ уште даваат можност за повеќе изјави и сослушувања на децата во судската постапка, иако сеќавањето на тоа што им се случило за децата претставува дополнителна траума и виктимизација. Затоа има случаи во пракса кога децата ја повлекуваат својата изјава.

Што се однесува на Фондот за обештетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство, сѐ уште не е воспоставен. А со непостоење на Фондот за обештетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство, директно се нарушува концептот на малолетничката правда.

Една од забелешките во Алтернативниот извештај изготвен во 2009 година, беше и неконзистентната терминологија која се употребува во законите, која особено е изразена во Законот за малолетничка правда. Во овој закон не е дадена конкретна дефиниција за дете, а потоа да се прави градација на термините во зависност од возраста на детето, што значи препораката за усогласување на терминологијата и натаму останува актуелна.

Комитетот во заклучните согледувања препорача државата-членка во соработка со медиумите да преземе неопходни мерки за почитување на приватноста на децата во медиумите со зајакнување на спроведувањето на постојите закони и кампањи за подигнување на свеста. Во овој дел може да забележиме дека има благ напредок кој се потврдува со подготвениот Нацрт-кодекс за новинари и медиуми, кој се однесува на известување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Станува збор за правно необврзувачки документ кој се очекува новинарите да го следат кога ќе известуваат за случаи на можна злоупотреба на деца, а особено на сексуална злоупотреба и педофилија. Во овој Нацрт-кодекс има и одредби кои даваат насоки како да се известува со цел да се заштити идентитетот и интегритетот на децата-жртви со што ќе се оневозможи дополнителна виктимизација на децата,

а доволно ќе се актуелизира проблемот во јавноста и ќе се делува на подигнување на јавната свест.

**Препораки:**

- проширување на бројот на членови во Националниот совет за превенција од малолетничко престапништво со невладини организации;
- зајакнување на институциите со човечки ресурси кои работат во областа на малолетничката деликвенција.

## Ратификување на меѓународни инструменти за човекови права

Во овој дел може да констатираме дека се бележи благ напредок. Препораката на Комитетот да се ратификуваат одредени меѓународни инструменти кои Република Македонија ги има потпишано, делумно е остварена. Собранието на Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за правата на лица со инвалидност потпишана од Република Македонија на 30 март 2007 година и Факултативниот протокол кон оваа Конвенција, потпишан од страна на Република Македонија на 29 јули 2009 година.[95]

Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од насилно изчезнување[96] и Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите мигрантски работници и членовите на нивните семејства[97] сѐ уште не се ратификувани, што значи и понатаму останува обврската на државата да ги потврди овие конвенции со ратификација и со тоа да станат составен дел на македонската легислатива.

## Понатамошни активности и дисеминација

И покрај препораката на Комитетот Вториот периодичен извештај и писмените одговори поднесени од државата-членка и усвоените завршни забелешки и препораки да се стават на располагање на јазиците на заедниците во земјата, тоа сѐ уште не е во целост направено. Потребно е, исто така, пошироката јавност како: медиумите, организациите на граѓанското општество, младинските групи и групите на професионалци и децата да бидат запознати со

[95] Сл. Весник на Р Македонија, бр.172/2011

[96] http://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-16&chapter=4&lang=en

[97] http://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-13&chapter=4&lang=en

препораките на Комитетот, при што досега може да забележиме дека не се работи во таа насока.

Генералното собрание на ОН на 19 декември 2011 го усвои Третиот факултативен протокол кон КПД за комуникациска процедура, односно жалбена постапка (Optional Protocol on a Communications Procedure).[98] Протоколот е отворен за потпишување, а ќе стапи во сила со негова ратификација од најмалку 10 држави членки на ОН. Овој протокол дава можност за поднесување жалба на поединец или група на поединци (може да се поднесе и во име на поединец или група на поедници) кои тврдат дека се жртва на повреда на одредено право од страна на државата, а кое е утврдено во КПД и двата Факултативни протоколи кон КПД. Се очекува овој Протокол да ѝ даде поголема сила на КПД и двата постоечки протоколи кон КПД.

Би сакале да ја повикаме државата да го потпише и ратификува овој протокол и со тоа да даде можност за директно обраќање до Комитетот за правата на детето од страна на децата и нивните претставници. Овој протокол им дава можност ако тврдат дека не можат да обезбедат правда во својата земја, односно ако тврдат дека нивните права се нарушени од страна на државата, да можат да поднесат жалба до Комитетот како меѓународно тело кое е надлежно за следење на спроведување на Конвенцијата за правата на детето и двата Факултативни протоколи во пракса. Услов кој мора да биде исполнет е овој Протокол да е прифатен од страна на државата, како и да се исцрпени сите домашни правни лекови кои им стојат на странките на располагање. Во оваа жалбена постапка Комитетот е обврзан да го следи принципот на најдобар интерес на детето, да го земе во предвид и мислењето на детето, правилата кои ќе се следат во текот на жалбената постапка мора да бидат разбирливи за детето, мора да бидат воведени заштитни мерки за помош со кои ќе се спречи потенцијална манипулација со децата, идентитетот на кој било поединец кој е вклучен во постапката како и детето-жртва не може јавно да биде објавено без нивна претходна согласност.

**Препораки:**

- поголема дисеминација на КПД и двата протокола, на препораките на Комитетот, превод на истите на јазиците на заедниците во земјата;
- потпишување и ратификување на Третиот факултативен протокол од страна на државата.

[98] http://treaties.un.org/doc/source/signature/2012/CTC_4-11d.pdf

# ИНДИКАТОРИ И НАОДИ ПО ИСТИТЕ

Во продолжение следат индикаторите кои ги утврдивме во почетокот на подготовката на извештајот. Беа поставени индикатори само за дел од членовите на Конвенцијата за правата на детето и дел од препораките на Комитетот за правата на детето. Во приказот којшто следи подолу прво е наведена областа за која се поставени индикаторите, а потоа следат самите индикатори за таа област, како и краток приказ на наодот за истите. До секоја област стои објаснување каде може да се видат повеќе информации за таа тема во извештајот.

**<u>ОПШТИ МЕРКИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА</u>**

**НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ПРИ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**[99]

**Националната комисија овозможува делотворно учество на локалните власти во својата работа.** Во Комисијата сè уште не се вклучени претставници на Локалната самоуправа.

**Националната комисија овозможува делотворно учество на граѓанското општество во својата работа.** Националната комисија за правата на децата во Република Македонија го измени Деловникот за работа со што претставниците од здруженијата кои учествуваа во работата на Комисијата без право на одлучување се стекнаа со исти права и должности како и членовите на Комисијата. Воедно Комисијата ја потврди определбата за зголемување на бројот на здруженија кои учествуваат во нејзината работа со уште две здруженија, па така сега членови се: Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, Коалиција Сега - Прилеп, „Лаифстарт“ - Битола и „Сумнал“ - Скопје.

**Националната комисија овозможува делотворно учество на децата во својата работа.** Децата сè уште не се членови на оваа Комисија за да може да дадат свое мислење и препораки при донесувањето на одлуки кои се од нивно значење.

[99] Види повеќе во точката: Координирање

**Националната комисија ја проширува својата надлежност за координирано набљудување и оценување на активностите за спроведување на Факултативните протоколи кон Конвенцијата за правата на децата.** Националната комисија за правата на детето при Владата на РМ како главно владино тело е задолжено за примена на КПД и преземање активности во делот на заштита на детските права. Во декември 2010 година ја прошири својата надлежност и за следење на имплементацијата, освен на КПД и на Факултативните протоколи кон Конвенцијата, Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија и Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти.

**ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

**ПРИНЦИП НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА**[100]

**Законот за заштита од дискриминација е сменет во делот на основите на дискриминација во согласност со меѓународните стандарди.** Законот за спречување и заштита од дискриминација сè уште нема измени и дополнувања во основите за спречување и заштита од дискриминација.

**Број на поднесени жалби за дикриминација против деца кои се процесуирани во Комисијата за заштита од дискриминација.** Поднесена е една претставка која се однесува на дискриминација врз деца (врз основа на возраст) до Комисијата за заштита од дискриминација во периодот од нејзиното основањето до јуни 2011 година и Комисијата постапува по истата.

**ПРИНЦИП НА НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО**[101]

**Националните закони во кои е вклучен принципот на најдобар интерес на детето се разгледани.** Направен е преглед на сите важни закони во делот кој се однесува на принципот за најдобар интерес на детето.

**ГРАЃАНСКИ СЛОБОДИ И ПРАВА**

**ИМЕ, ДРЖАВЈАНСТВО И РЕГИСТРАЦИЈА ПРИ РАЃАЊЕ** [102]

[100] Види повеќе во точка: Принцип на недискриминација.

[101] Види повеќе во точка:Најдобар интерес за детето.

**Ратификувана е Конвенцијата за намалување на бројот на лица без државјанство на Обединети нации од 1961 година.** Конвенцијата на Обединетите нации за намалување на бројот на лица без државјанство од 1961 година не е ратификувана.

**Ратификувана е Конвенцијата за избегнување на немањето на државјанство во однос на сукцесија на држави од 2009 година на Советот на Европа.** Конвенцијата на Советот на Европа за избегнување на немањето државјанство во однос на сукцесија на држави од 2009 година не е ратификувана.

## ТОРТУРА ИЛИ НЕЧОВЕЧКО ПОСТАПУВАЊЕ И КАЗНУВАЊЕ[103]

**Бројот на поднесени претставки до Управата за извршување на санкции е за можно телесно казнување во воспитнопоправни институции.** Во добиената информација од Управата за извршување на санкции за можно телесно казнување во воспитнопоправни институции и наоди по истите се вели дека во Управата преку Народниот правобранител во периодот од јуни 2010 до јули 2011 година поднесени се три претставки за можно телесно казнување на малолетни штитеници во ВПД – Тетово.

## СЕМЕЈНА СРЕДИНА И АЛТЕРНАТИВНА ГРИЖА

## ИСПЛАТА НА ИЗДРШКА[104]

**Основан е Национален фонд за осигурување на исплата на заостанати обврски за издршка на дете.** Не е основан фонд од страна на државата за исплата на издршка, иако имало предлози од пред 2 години.

[102] Види повеќе во точката: Име, државјанство и регистрација при раѓање.

[103] Види повеќе во точка: Мачење или друго сурово, нечовечно или понижувачко однесување или казнување.

[104] Види повеќе во точка: Исплата на издршка.

**Ратификувани се Хашките конвенции број 23, 24, 34.** Сѐ уште не се ратификувани Хашките конвенции бр. 23 за признавање и извршување одлуки што се однесуваат на заостанатите обврски за издршка, бр. 24 за применливото право за обврските за издршка и бр. 34 за јурисдикција, применливо право, признавање, спроведување и соработка во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата.

**ПОСВОЈУВАЊЕ**[105]

**Државата има развиено соодветни мерки со кои му дава приоритет на домашното посвојување пред меѓународното.** Соодветни мерки и политики се преземени од страна на државата со што се дава приоритет на домашното посвојување пред меѓународното.

## ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

### ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ[106]

**Намален е морталитетот на новороденчињата кај ромската популација.** Морталитетот на новороденчињата од ромска националност во 2010 година е намалена во однос на минатите години и изнесува 7, 6 на 1 000 живородени деца. Во 2009 година изнесува 13,1/1 000, а во 2008 год. 12,8/1000. Морталитетот на новороденчињата од ромска националност во 2010 год. изнесува 7, 6 на 1 000 живородени, а просечната стапка на доенска смртност во Република Македонија за сите етникуми изнесува, исто така, 7, 6 на 1 000 живородени.

**Развиени се програми за примарна здравствена заштита на деца, особено тие кои припаѓаат на најранливите категории.** Во делот на здравствените услуги на ниво на примарната здравствена заштита (кај матичен лекар) здравствените услуги се бесплатни за сите категории и возрасни групи и за нив граѓаните не плаќаат партиципација. Воедно, според Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита при одделни заболувања на граѓаните во Република Македонија, им се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита на секундарно и терциерно ниво на родилките и доенчињата до 1-годишна возраст за следниве здравствени услуги:

[105] Види повеќе во точка: Посвојување.

[106] Види повеќе во точка: Здравје и здравствени услуги.

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување);
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња;
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња;
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови.

**ДОЕЊЕ**[107]

**Број на постоечки програми за безбедно мајчинство кои се имплементирани во пракса.** Министерството за здравство носи годишна превентивна програма, ,,Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца“ која се однесува на доменот на безбедното мајчинство. Во текот на 2010 година се одржани пет семинари наменети за патронажни сестри на тема: ,,Подигање на капацитетите на патронажната служба за пружање на услуги во областа на безбедното мајчинство и здравјето на заедницата“, на кои како партиципанти беа опфатени сите патронажни сестри од државата (314 сестри). Изготвени се брошури за доење и комплементирана исхрана наменети за родители. Изготвен е Прирачник за патронажни сестри за работа со бремени жени. Спроведени се едукации на родители во градинки и во рурални средини. Воедно е спроведена и медиумска кампања по повод на Неделата на имунизација.

**ЗДРАВЈЕ НА АДОЛЕСЦЕНТИТЕ**[108]

**Имплементирани се кампањи за борба против злоупотреба на дрога и алкохол од страна на Владата и граѓанските организации.** Реализирани се кампањи за борба против злоупотреба на дрога и алкохол од страна на Владата и граѓанските организации.

**Број на отворени центри за рехабилитација на деца кои (зло)употребуваат дрога и алкохол.** Нема отворени центри за рехабилитација на деца кои (зло)употребуваат дрога и алкохол.

**СПЕЦИЈАЛНИ ОДБРАНБЕНИ МЕРКИ**

**ЕКОНОМСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА**[109]

[107] Види повеќе во точка: Доење.

[108] Види повеќе во точка: Здравје на адолесценти.

**Воспоставена е евиденција на деца кои се жртви на злоупотреба на детскиот труд.** Ваков вид на евиденција до сега не е воспоставена на национално ниво.

**СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА И ЕКСПЛОАТАЦИЈА**[110]

**Ратификувана е Конвенцијата за заштита на децата од сексуална злоупотреба од Советот на Европа.** Собранието на Република Македонија на 5 октомври 2010 година ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба.

**ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ НА ДЕЦА И МЛАДИ**[111]

**24-часовна СОС-линија за помош и поддршка на деца и млади е воспоставена.** Не е воспоставена 24-часовна СОС-линија за помош и поддршка на деца и млади.

**Бројот на СОС-линијата за помош и поддршка на деца и млади е хармонизиран со европскиот шестоцифрен број 116 111.** Не е хармонизиран СОС-бројот со европскиот шестоцифрен број 116 111.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ - ЧЛЕНКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОАЛИЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

[109] Види повеќе во точка: Економска експлоатација.

[110] Види повеќе во точка: Сексуална злоупотреба.

[111] Види повеќе во точка: Линии за помош на деца и млади.

**1. Асоцијација за здравствена едукација и истражување „ХЕРА“ – Скопје**

„ХЕРА“ – Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување е непрофитна организација формирана со слободно здружување на граѓаните, со цел остварување на основното човеково право на жените, мажите и младите да бидат информирани и да можат слободно да го остваруваат својот избор во однос на сексуалното и репродуктивното здравје, како и застапување за обезбедување на тоа право. Притоа, се става посебен акцент на информирање, застапување, обезбедување на услуги или препраќање до услуги за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, ХИВ/СИДА, инфекции пренесени преку сексуален и крвен пат, несакана бременост и избегнување на небезбеден абортус. Активностите се наменети за општата популација, со особено внимание кон младите, сиромашните и оние кои немаат пристап до услуги и не ги остваруваат своите права.

Контакт:

ул. „Дебарца“ 56/4, 1000 Скопје, Македонија

Тел/Факс: + 389 2 3290 395

E-mail: hera@hera.org.mk

Web: www.hera.org.mk

2. **Женска граѓанска иницијатива „АНТИКО“ – Скопје (Мрежа на 18 локални организации)**

Женската граѓанска иницијатива „АНТИКО“ е, интеретничка мрежа на 18 граѓански организации кои работат во областа на антидискриминацијата, плурализмот и толеранцијата. Нејзина мисија е промоција на културата на мирот и ненасилството преку општествено ангажирање на жените од повеќе етнички групи од Р Македонија. „Антико“ се залага за афирмирање на важноста и безбедноста на секоја индивидуа во сите нејзини димензии: физичка сигурност, социоекономска, почитување на човековото достинство и право на идентитет и вклученост. Ненасилството, толеранцијата, солидарноста, мултикултурализмот, рамноправноста, одржливиот развој, вмрежувањето, граѓанскиот активизам, социјална правда - се основни вредности на кој се

темели нејзиното 13-годишното активно работење во локалните заедници на Р Македонија.

<u>Контакт:</u>

ул. „Тале Христов“ Ламела 1 Локал 9

1000 Скопје, Македонија

тел: + 389 (0)2 2 614 641

факс: +389(0)2 2 60 11 12

E-mail: contact@antiko.org.mk

Web: www.antiko.org.mk

**3. Коалиција „Сите за правично судење“ – Скопје (коалиција на 17 НВОи)**

Коалицијата „Сите за правично судење“ е мрежа на 17 здруженија на граѓани и е формирана во 2003 година. Основна мисија на Коалицијата е: следење и почитување на човековите слободи и права, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на делување во настојување да се зголеми нивото на нивно имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Контакт:

ул. „Македонија“ 11/2-10, 1000 Скопје

E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk

Web: www.all4fairtrials.org.mk

www.pravicnosudenje.org.mk

4. **„Лајфстарт“ – Битола**

НВО „Лајфстарт“ од Битола е организација основана во 1998 година. Од самиот почеток работата е насочена кон проекти кои се занимаваат со едукација на родители и деца од предшколска и школска возраст. Во изминатиот период реализирани се следниве проекти: „Растеме и учиме заедно“, „Ран детски развој“, „Вавилон“, „Описменување на возрасни“, „Социјален развој на заедницата“. Евалуацијата покажа дека наведените проекти во значителна мерка помагаат децата од предучилишна возраст да ги добијат соодветните потребни предзнаења како би биле подготвени да тргнат во училиште. Родителите стануваат свесни за сите промени кои го пратат растот и развојот на децата и се информирани за начините како да се справат со тие промени и како позитивно да делуваат на истите.

Контакт:

ул. „ Петар Петрович Његош“ бр. 129

П.фах 137, Битола

тел/факс: +389 (0) 47 253 637

E-mail: lifestartmk@yahoo.com

5. **Младински образовен форум – Скопје**

Здружението на граѓани „Младински образовен форум“ е невладина, непартиска и непрофитна организација, формирана во јуни 1999 година. Мисијата на здружението е да им понуди можности и начини на студентите, средношколците, нивните професори и родители, активно и аргументирано да учествуваат во јавните дискусии за прашањата кои се однесуваат на нив и на пошироката заедница и на тој начин да придонесат за етаблирање на отворено и демократско општество. Основните цели на здружението се:

 едукација на млади на возраст од 15 до 25 години;

 промовирање на алтернативните начини на едукација на младите, преку примена на интерактивни методи во предавањата;

 промовирање на критичкото мислење и толеранцијата помеѓу средношколците;

 јавно говорење (реторика), тимска работа, логика, аргументирано презентирање на ставови, решавање на проблеми;

 антиципирање на спротивните ставови како еднакво вредни на лично презентираните;

 отвореност кон идеи и ставови спротивни на општоприфатените;

 заштита и промоција на студентските интереси и права;

 промоција на концептите на правда, владеење на правото како основни демократски принципи.

Контакт:

ул. „Водњанска“ бр.35-1

Тел: +389 2 3139 692

E-mail: info@mof.org.mk

Web: www.mof.org.mk

6. **Отворена порта Ла Страда – Скопје**

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе -„Отворена порта‘‘ е регистрирано во 2000 година како независна, критички настроена, неполитичка, невладина и непрофитабилна организација.

„Отворена порта“, членка на Ла Страда - Интернационална европска мрежа за борба против трговија со луѓе е здружение на граѓани, кое ги промовира човековите права и ги застапува интересите и потребите на лицата кои се под ризик или претрпеле насилство и трговија со луѓе преку превенција, социјална поддршка и лобирање на национално и европско ниво.

*НИЕ обезбедуваме заштита, зајакнување на капацитетите и интеграција на тргуваните лица и другите ранливи групи во општеството.*

Контакт:

ул. „Сава Ковачевиќ“ бр.1А

П. Фах: 110, 1000 Скопје

тел: +389 2 2700 107

E-mail: lastrada@lastrada.org.mk

Web: www.lastrada.org.mk

7. **„Отворете ги прозорците“ – Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапна информатичка технологија за лица со хендикеп - Скопје**

„Отворете ги прозорците“ (ОП) е единствената граѓанска организација во Македонија и во поширокиот регион фокусирана на овозможување пристап на лицата со хендикеп до информатичката технологија. Од една страна, организацијата нуди услуги за лица со различен вид на хендикеп: интелектуален, физички, комбиниран и сензорни оштетувања. Од друга страна, ОП спроведува проекти за промовирање на асистивната информатичка технологија во сите сфери на општеството. Во последните две години организацијата е особено активна на полето на основното образование; во 2010 година за првпат спроведе национално истражување за потребите од асистивна технологија во основните училишта во нашата држава како и со финансиска поддршка од УСАИД опреми и обучи наставници во 21 основно училиште за употреба на асистивната технологија во наставата.

Контакт:

бул. „Партизански одреди“ 62/2-29

1000 Скопје, Македонија

Тел/факс: +389(0)2 3068 630

E-mail: contact@openthewindows.org

Web: www.openthewindows.org

**8. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Скопје**

Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија е основана на 29 април 1992 година како меѓународна невладина организација за заштита на правата на детето.

Детската амбасада „Меѓаши“ се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко.

Амбасадата „Меѓаши“ со своите активности придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Таа го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.

Контакт:

ул. „Коста Новаковиќ“ 22а, 1000 Скопје

Република Македонија

Тел. +389 2 2465 316

Фах. +389 2 2463 900

E-mail: info@childrensembassy.org.mk

Web: www.childrensembassy.org.mk

9. **Совет за превентива од малолетничка деликвенција (ССПМД) – Кавадарци**

СППМД е основана во 1996 година, а главните активности се со цел да се борат против сите облици на асоцијално и друго однесување на младите во Кавадарци. Работата на СППМД главно е поделена на два сектори:

 Правниот сектор кој работи на подобрување на положбата на малолетниците во рамките на системот за малолетничка правда, преку промени и подобрувања на малолетничката правда, законодавството, како и соодветната понатамошна имплементација;

- Младинскиот сектор, чија цел е да се организира слободното време на младите во Кавадарци и околните места, којшто им обезбедува различни можности да се вклучат во разни форми на неформално образование и активности.

Контакт:

Спортска сала „Јасмин", ул.„Браќа Хаџи Тефови", 28

Кавадарци, Р Македонија

Тел/Факс: +389 (0) 93 412 947

E-mail: sppmd@mt.net.mk, contact@sppmd.org.mk

web: www.sppmd.org.mk

10. **Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје**

ХОПС - Опции за здрав живот Скопје е невладина, непрофитна и непартиска организација, која започна со работа како прв проект во Република Македонија за размена на опрема за инјектирање во 1997 година. Оттогаш има развиено програми за: намалување на штетите од употреба на дрога, превенција од ХИВ/СИДА и други сексуално и по крвен пат преносливи болести, социјална реинтеграција и ресоцијализација на младите и други ранливи групи во Република Македонија. Своите активности ХОПС ги имплементира преку своите три програми и тоа: Програма сервиси за корисници на дроги и сексуални работници, ЦЕДИ - Центар за едукација, документирање и информирање и програма за застапување.

<u>Визија на ХОПС:</u> Општество во кое на сите луѓе подеднакво им се почитуваат човековите права и слободи и уживаат социјална, здравствена и економска благосостојба.

<u>Мисија на ХОПС:</u> Промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здавјето и социоекономскиот статус на сите луѓе, а особено на корисниците на дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување на штети,

преку еднаков пристап до сервиси и услуги, зајакнување на заедницата, подигнување на капацитети, истражувања, анализи и застапување.

Контакт:

ул. ,,Христо Смирненски,, бр.48/1-6, Скопје, Р Македонија

Тел.: 02/3 246 205 Факс: 02/3 246 210

Е-меил: hops@hops.org.mk

Web: www.hops.org.mk

11. **Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово**

Хуманитарното здружение „Мајка” од Куманово функционира од 1992 година. Формирано како реакција на потребата да се помогне во времето на распаѓањето на некогашна Југославија, „Мајка” организирала бројни хуманитарни акции за бегалците во војните во Босна и Херцеговина, во Косово, за време на кризата во Македонија. За раселените лица во регионите на Куманово, Крива Паланка и околината се организирале акции за дистрибуирање на храна, лекови и други основни работи, а дел од активностите биле: организација за сместување на семејствата во домови, реконструкција на оштетените куќи, ресоцијализација на децата и жените, а по конфликтот во 2001 година, и организација на психосоцијални работилници за жените.

Контакт:

ул. „Ѓорче Петров“ бр.33, Куманово

тел. +389 (0) 31 421 341

факс +389 (0) 31 411 088

E-mail: vavku@freemail.com.mk

12. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар**

Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ Гостивар е граѓанско здружение кое е формирано и дава придонес за социјална интеграција, ефективно учество и еднакво учество во демократските права и потенцијали наменети за ромската заедница на национално и локално ниво низ јакнење на капацитетот, директната поддршка и застапувањето на Ромите.

„Месечина“ својата работа ја заснова на 4 сектори и тоа:

• Образование;

• Социоекономска интеграција и дополнителна едукација на

маргинализираните групи;

• Човекови права и меѓуетнички односи, толеранција и дијалог;

• Информирање, координирање и развој на јавната свест и политика.

Контакт:

ул. „Браќа Ѓиноски“ бр. 61

1230 Гостивар, Република Македонија

тел: +389 (0) 42 22 22 71

тел/факс: +389 (0) 42 22 22 72

E-mail: mesecina@mt.net.mk

13. **Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп**

Центарот за граѓанска иницијатива (ЦГИ) во соработка со невладини, владини организации и бизнис-секторот ги мотивира граѓаните да делуваат во изградба на граѓанското општество во РМ и пошироко. Крајната цел на ЦГИ е сите граѓани да имаат еднакви човекови права, да бидат вклучени во процесите на одлучување и да имаат еднаков пристап во образованието. ЦГИ организира

разни активности и проекти за да ги постигне овие цели зголемувајќи го учеството на македонските граѓани во процесот на градење подобро и поотворено демократско општество.

Контакт:

ул. „Димо Наредникот" бб (зграда Ерик)

7500 Прилеп, Република Македонија

тел: +389 (0) 48 400 480

факс: +389 (0) 48 425 125

E-mail: ccimk@cgimk.org.mk

Web: www.cgimk.org.mk

14. **Центар за човекови права и разрешување конфликти – Скопје**

Центарот за човекови права и разрешување конфликти е организација која примарно се бави со истражувања и едукација, базирани на следниве основни цели:

- да им помогне на граѓаните на Република Македонија да заземат активна улога во разрешувањето на навидум нерешливите конфликти, вкоренети во етничките и други разлики и

- промовирање на концептот на човековите права и базичните слободи како суштински дел од политичката, судската и општествената трансформација која се одвива во државата. Постигнувањето на основните цели е базирано на преземање на различни активности во рамките на трите клучни области: човекови права, разрешување на конфликти и интеретнички односи.

Контакт:

ул. „Партизански одреди" бб, Скопје

тел: +389 2 3065 954

E-mail: chrcr@chrcr.org.mk

15. **Здружение на граѓани, Македонски центар за женски права - Шелтер центар-Скопје**

Целта на Шелтер центарот е да придонесе за унапредување на долготрајното запоставување на женските човекови права во македонското општество преку обезбедување на поддршка, водење, бранење и промоција на развојот на социјалниот, политичкиот и правниот поредок во кој човековите права се почитуваат, а женските права се заштитени. Нашите активности се засновани на следните програми:

- Семејно насилство;
- Сексуално и репродуктивно здравје и права;
- Женски права;
- Женски економски развој;
- Давање на претходна правна помош.

Контакт:

ул: „Божидар Аџијата“ 1-1/6;

1000 Скопје, Македонија

Тел: +389 2 2772-400; 070 520-639

E – mail: shelter_centar@yahoo.com ; contact@mwrc.com.mk

Web: www.mwrc.com.mk

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

342,7-053,2(497,7)„2010/11"(047)

ИЗВЕШТАЈ за состојбата на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето. – Скопје: Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија, 2012, - 100 стр.; табели; 23 см.

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4603-02-3

а) Права на детето – Македонија – 2010-2011 – Извештаи

COBISS.MK-ID 91481098

MWRC SHELTER CENTER

ЦЧПРК

ХОПС

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

10 години
МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ

Отворете ги прозорците

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
20 МЕЃАШИ 1992-2012
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„МАЈКА"

„МЕСЕЧИНА"

Council for Prevention of Juvenile Delinquency
Совет за Превентива Против Малолетничка Деликвенција

Center for Civic Initiative
Центар за граѓанска иницијатива

отворена порта

ANTICO

Х. Е. Р. А.
A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

LIFESTART